Приватен Меѓународен Балкански универзитет
Özel Uluslararası balkan üniversitesi
Universiteti Ndërkombëtar balkanik privat
Private International balkan university
Бр.Nr.No. 200.89/2024
15.07 2024 год.viti year
SKOPJE-USKUP-SHKUP-SKOPJE

IBU INTERNATIONAL BALKAN UNIVERSITY

ibu.edu.mk

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА СТАТУТ

# НА МЕЃУНАРОДНИОТ БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

# ВО СКОПЈЕ

Скопје, Јули 2024 година

**СОДРЖИНА:**

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ........ 8
1.1. Положба на Универзитетот........ 8
1.2. Предмет на уредување........ 8
1.3. Правен статус на Универзитетот........ 9
1.4. Назив и седиште на Универзитетот........ 9
2.ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 9
3. ОБЕЛЕЖЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 10
3.1. Печат, знаци и други обележја........ 10
3.2. Мисија на Универзитетот........ 10
3.3. Ден на Универзитетот........ 11
4. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА........ 11
5. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 11
5.1. Содржина и заштита на автономијата........ 11
5.2. Академска слобода........ 12
5.3. Автономија на управувањето........ 13
5.4. Финансиска автономија........ 14
5.5. Кадровска автономија........ 14
5.6. Неприкосновеност на автономијата........ 15
5.7. Неповредливост на академскиот простор и безбедност на Универзитетот........ 15
5.8. Мирно решавање на споровите........ 16
6. УЛОГА, ЗАДАЧИ И ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 16
6.1. Учење од далечина........ 18
7. ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ........ 18
7.1. Јавност во работата на Универзитетот........ 18
7.2. Отчетност и одговорност........ 19
8. СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 20
9. ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ........ 21
9.1. Сенат на Универзитетот........ 21
9.1.1. Положба и состав........ 21
9.1.2. Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот........ 22
9.1.3. Надлежност на Сенатот........ 23
9.1.4. Постапка за избор на претседател на Сенатот........ 26
9.1.5. Надлежности, права и обврски на претседателот на Сенатот........ 27

9.1.6. Начин на работа на Сенатот ........ 27
9.2. Ректор на Универзитетот ........ 28
9.2.1. Начин и постапка при избор на ректор на Универзитетот ........ 28
9.2.2. Надлежности на ректорот ........ 35
9.3. Проректори на Универзитетот ........ 37
9.4. Ректорска управа ........ 38
9.4.1. Задачи на Ректорската управа ........ 39
9.5. Основачки совет на Универзитетот ........ 40
9.5.1. Надлежности на Основачкиот совет ........ 40
9.6. Стручни тела и комисии ........ 42
10. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ........ 43
10.1. Наставно-научен совет, односно наставнички совет ........ 44
10.1.1. Надлежности на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.. 44
10.1.2. Надлежности на наставничкиот совет ........ 47
10.2. Декан на факултет, односно директор на висока стручна школа ........ 49
10.2.1. Надлежност на деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа ........ 49
10.2.2. Избор на декан, односно директор ........ 50
10.2.3. Престанок на мандатот на декан, односно директор ........ 52
10.3. Продекан, односно заменик-директор ........ 52
10.4 Деканатска управа, односно управа на високата стручна школа ........ 53
11. СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА ........ 53
12. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА ........ 56
12.1. Центар за поврзување на студентите со бизнис-заедницата ........ 56
13.ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ........ 57
14. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ........ 58
14.1. Достапност на високото образование на Универзитетот ........ 59
14.2. Начин на објавување на конкурс за запишување на студенти ........ 59
14.3. Права на странски државјани ........ 60
14.4. Запишување на лица кои не завршиле еднакво образование во странство ........ 60
14.5. Јазик на кој се изведува наставата ........ 60
14.6. Почеток и завршување на студиска година ........ 61
14.7. Прв циклус универзитетски студии ........ 61
14.8. Втор циклус универзитетски студии ........ 62
14.9. Трет циклус универзитетски студии ........ 62
14.10. Студиски програми ........ 63
14.11. Содржина на студиските програми ........ 63
14.12. План на студиите ........ 65

14.13. Доживотно учење ..... 66
14.14. Завршување на студиите ..... 67
14.15. Посебни можности за студирање ..... 67
15. СТРУЧНИ И НАУЧНИ НАЗИВИ ..... 67
15.1. Одземање на диплома ..... 68
15.2. Промоција за завршени студии ..... 68
16. ЕВИДЕНЦИЈА ..... 69
16.1. Матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти ..... 69
16.2. Водење евиденција ..... 69
16.3. Јавни исправи ..... 69
17. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ..... 70
17.1. Вработени лица на Универзитетот ..... 70
17.2. Наставно-научни, наставно-стручни и наставни звања ..... 71
17.3. Асистенти и уметнички и стручни соработници ..... 72
17.4. Демонстратори ..... 73
17.5. Критериуми за избор во наставно-научни звања ..... 73
17.6. Засновање на работен однос ..... 74
17.7. Рокови за кои се вршат изборите ..... 74
17.8. Предвремен престанок на изборот ..... 75
17.9. Право на вршење дејност во друга високообразовна установа ..... 76
17.10 Визитинг-наставници ..... 76
17.11. Афирмирани научници и стручњаци од практиката ..... 77
17.12. Платено и неплатено отсуство ..... 78
17.13. Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија ..... 79
17.14. Насловни звања ..... 80
17.15. Почесен професор ..... 80
17.15.1. Постапка за доделување на звањето почесен професор ..... 81
17.16. Почесен доктор на науки ..... 81
17.17. Заеднички одредби за почесен професор и почесен доктор на науки ..... 82
17.18. Професор емеритус ..... 82
18. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 83
19. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..... 84
20. ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ..... 86
21. СТУДЕНТИ, СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО ..... 86
21.1. Статус на студентот ..... 86

21.2. Права на студентот ... 87
21.3. Паралелно студирање ... 89
21.4. Премин од едни на други студии ... 89
21.5. Престанок на статусот на студент ... 90
21.6. Дисциплински мерки ... 90
21.7. Студентски правобранител ... 91
21.7.1. Избор на студентски правобранител ... 92
21.7.2. Разрешување на студентскиот правобранител ... 92
21.7.3. Заменик-студентски правобранител ... 93
21.8. Учество на студентите во управувањето ... 94
21.9. Универзитетско студентско собрание ... 95
21.9.1. Надлежност на Универзитетското студентско собрание ... 95
21.9.2. Избор на членови на Универзитетското студентско собрание ... 95
21.10. Факултетско студентско собрание, односно студентско собрание на висока стручна школа ... 96
21.10.1. Избор на членови на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа ... 97
22. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ... 97
22.1. Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот ... 99
23. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 99

Врз основа на член 94, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и бр. 178/21), Сенатот на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, седница одржана на 26.06. 2024 година, го донесе следниов

## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА СТАТУТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### 1.1. Положба на Универзитетот

**Член 1**

(1) Меѓународниот балкански универзитет е приватна, непрофитна, автономна високообразовна и научна установа, која во својот состав има факултети, висока стручна школа, како и други единици кои вршат високообразовна дејност на прв, втор и трет циклус, како и научноистражувачка и применувачка дејност од областите за кои се основани, како и од областите што се во врска со остварувањето на основната дејност.

### 1.2. Предмет на уредување

**Член 2**

(1) Со овој Статут се уредува внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување на органите, финансирањето на дејноста и имотот, остварувањето на самоевалуацијата, изборот во наставно-научни звања, правата и обврските на студентите, како и студентското организирање и управување, студентскиот правобранител и други прашања од значење за остварување на дејноста на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

(2) Единиците на Универзитетот ги утврдуваат внатрешните односи и работењето со статут и со други акти согласно со закон и со овој Статут.

### 1.3. Правен статус на Универзитетот
### Член 3

(1) Универзитетот има својство на правно лице.

(2) Универзитетот во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка, со права и обврски утврдени со закон, Одлуката за основање и со овој Статут.

(3) Единиците на Универзитетот, како и организационите единици кои се во негов состав, немаат својство на правно лице.

### 1.4. Назив и седиште на Универзитетот
### Член 4

(1) Универзитетот работи под називот: Меѓународен балкански универзитет. Дополнително на меѓународниот промет се користи англиски назив: International Balkan University.

(2) Скратениот назив на Универзитетот е: МБУ за домашна или IBU (за англискиот назив) за меѓународна употреба.

(3) Седиштето на Универзитетот се наоѓа во Скопје, на Општина Чаир на ул. „Македонско - Косовска бригада 9" бр.29.

## 2.ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
### Член 5

(1) Основач на Универзитетот е Фондацијата за образование и култура УСКУП, Скопје.

(2) Седиштето на Фондацијата е на ул. „Самоилова" бр.14, во Скопје.

### Член 6

(1) Меѓународниот балкански универзитет работи врз основа на решение за почеток со работа бр. 12-6121/3 од 9.10.2008 на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

(2) Меѓународниот балкански универзитет ги презема правата и обврските на претходно формираните факултети: Нов балкански факултет (со привремено решение за почеток со работа бр. 12-2642/3 од 7.6.2007 година) и Факултет за технички науки (со привремено решение за работа бр. 12-2642/4 од 7.6.2007 година).

## 3. ОБЕЛЕЖЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
### 3.1. Печат, знаци и други обележја
### Член 7

(1) Универзитетот има печат и штембил.

(2) Печатот на Универзитетот има тркалезна форма, чија големина во пречник изнесува 32 мм. Во средината на кругот е грбот на Република Северна Македонија, а околу грбот е напишано на македонски јазик: „Република Северна Македонија * Меѓународен балкански универзитет * Скопје"; на албански јазик: "Universiteti Ndërkombëtar Ballkanik * Shkup"; и на турски јазик: "Uluslararası Balkan Üniversitesi * Üsküp". Овој печат се употребува за заверување на дипломи, повелби, уверења и архивско работење на Универзитетот.

(3) Универзитетот има амблем. Ликовно графичкиот приказ на амблемот е составен дел на овој Статут.

(4) Ректорот и проректорите на Универзитетот носат одора при промоции, прослави и други свечености на Универзитетот и при претставувањето на Универзитетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби. Изгледот на одората се утврдува од страна на Основачкиот совет, по предлог на Сенатот на Универзитетот.

(5) Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст на македонски, на турски, на албански и на англиски јазик: Приватен меѓународен балкански универзитет, број _____ /_____ година, Скопје.

(6) Штембилот се употребува за архивското работење на Универзитетот.

### 3.2. Мисија на Универзитетот
### Член 8

(1) Универзитетот има мисија:
- да организира студии според акредитирани студиски програми со поширока европска и меѓународна перспектива, соодветни за студенти од земјата и од странство;
- да се залага за достигнување на висококвалитетна наставна и научноистражувачка дејност;
- да биде отворен за сите, базиран на праведност, еднаквост и заслуги;
- да ги штити автономијата на Универзитетот и академската слобода;

- да воспоставува соработка со други универзитети, како во Република Северна Македонија, така и со универзитети во Европа и пошироко;
- да придонесува за развој на високото образование во земјата и во регионот;
- да создава можности за секое лице да добие високо образование под еднакви услови и со соодветен квалитет;
- да обезбеди квалитетен пристап кон наставата и научноистражувачката дејност;
- да развива граѓанска и академска одговорност во општеството.

### 3.3. Ден на Универзитетот
**Член 9**

Ден на Универзитетот е 26 Март, согласно со Одлуката на Фондацијата за образование и култура УСКУП – Скопје за основање на Универзитетот, донесена на 26.3.2006 година.

## 4. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА
**Член 10**

(1) Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите.
(2) Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.
(3) Членовите на академската заедица на Универзитетот се должни да го применуваат Етичкиот кодекс на Универзитетот.

## 5. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
### 5.1. Содржина и заштита на автономијата
**Член 11**

(1) Високото образование во Република Македонија се темели на автономија, во согласност со Уставот на Република Македонија, со ратификуваните меѓународни договори и со овој закон.
(2) Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија.

(3) Автономијата на високообразовните установи ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во која дејствуваат.

(4) Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

(5) Автономијата на високообразовните установи вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.

(6) Автономијата на високообразовните установи ужива судска заштита и високообразовната установа има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.

## 5.2. Академска слобода
## Член 12

(1) Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:

1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
2. слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и во посредувањето на знаењето;
3. самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со статут, донесен во согласност со закон;
4. слобода во изведувањето на наставата и спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештвото и применувачката дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
5. слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;
6. слобода во изборот на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните

наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и изборот на учебници и други учебни помагала;

7. слобода во изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
8. утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
9. подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
10. доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули;
11. определување посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања;
12. избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

**5.3. Автономија на управувањето**
**Член 13**

(1) Автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува во:

1. планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
2. воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
3. донесувањето на статутот и другите општи акти на високообразовните установи;
4. изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти;
5. управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;
6. одлучување за формите на соработка со други организации;
7. здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
8. остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации;
9. одлучувањето за други прашања утврдени со закон, статут и другите општи акти.

## 5.4. Финансиска автономија
## Член 14

Финансиската автономија на Универзитетот се изразува во:

- управувањето и користењето на недвижниот имот;
- самостојното управување и користење на предметите, паричните средства и другите материјални добра за вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
- самостојното располагање со средствата што ги стекнува Универзитетот како сопствени приходи од вршење на образовни услуги за трите циклуси универзитетско образование, како и од продавање на научни и стручни услуги;
- самостојното располагање со средствата што ги стекнува Универзитетот како сопствени приходи од камати, дивиденди, легати, подароци и други извори утврдени со закон;
- самостојното располагање со средствата што ги стекнува Универзитетот како сопствени приходи од воспоставување на соработка со бизнис-сферата и работодавците на локално, регионално, национално и на меѓународно ниво, во согласност со развојниот план на основачот;
- самостојното располагање со одобрените финансиски средства од Фондацијата, како и од средствата добиени од студенти по основ на школарина;
- формирањето на посебни фондови и основањето други организации од сопствени приходи, од донации и други извори заради вршење на високообразовна, научноистражувачка, издавачка и применувачка дејност.

## 5.5. Кадровска автономија
## Член 15

Кадровската автономија на Универзитетот се изразува преку самостојно одлучување за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и

соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон и со овој Статут.

### 5.6. Неприкосновеност на автономијата
### Член 16

(1) Автономијата на Универзитетот е неприкосновена и таа не може да се нарушува со:

- неповикано учество во високообразовната дејност на Универзитетот;
- извршување високообразовна дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, поврзани со полот, расата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба;
- политичкото и религиозното организирање и дејствување, освен активностите што се остваруваат преку форуми на кои се разменуваат идеи и мислења;
- автономијата не смее да се толкува на начин кој вклучува повреда на човековите права.

### 5.7. Неповредливост на академскиот простор и безбедност на Универзитетот
### Член 17

(1) Просторот на високообразовните установи е неповредлив.
(2) Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.
(3) Дејствијата на органите на прогонот што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на овластено лице на високообразовната установа.

### 5.8. Мирно решавање на споровите
### Член 18

(1) Споровите меѓу членовите на академската заедница, како и споровите меѓу самостојните високообразовни установи и нивните единици се решаваат спогодбено, во заедничките органи, и на друг начин на разбирање.

(2) За решавање на споровите меѓу членовите на академската заедница се формира Комисија за помирување на Универзитетот.

(3) Составот, надлежноста и постапката пред Комисијата за помирување на Универзитетот дополнително ќе се регулира со Правилник за Комисијата за помирување на Универзитетот.

(4) При решавањето на споровите од став 1 на овој член не може да се попречува редовното одвивање на дејноста определена со Статутот.

(5) Доколку спорот од став 1 на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени со овој член, спорот се решава по судски пат.

## 6. УЛОГА, ЗАДАЧИ И ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
### Член 19

(1) Улогата и задачите на Универзитетот во остварувањето на високообразовната дејност се: пренесување на знаења, организирање на студии, развој и промоција на образованието и науката, развој на креативните способности и подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, поттикнување на технолошкиот развој и напредокот на општеството.

(2) Улогата и задачите од став 1 на овој член, Универзитетот ги остварува со:

- организирање на високо образование од прв, втор и трет циклус;
- воспоставување стандарди во наставата;
- водење на политика за мобилност на студентите, на наставниците, на соработниците и на административниот кадар и соработка со универзитетите во земјава и во странство;
- остварување на издавачка дејност;
- организирање на научни и уметнички собири;
- издавање на дипломи;

- изведување на фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење на применувачка дејност;
- континуирано образование преку курсеви, семинари, разни облици на доживотно учење со продлабочување, надградба на завршените студии и стекнатите знаења.

**Член 20**

(1) Универзитетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност како единствен процес.

(2) Универзитетот, во рамките на својата дејност:

- ја планира, ја остварува и ја развива дејноста за која е основан;
- врши високообразовна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини во научното подрачје на општествените, природните и техничките науки и уметноста, и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот;
- организира научни собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири;
- ја организира работата на библиотеката и библиотечно-информациската и документационата дејност;
- издава дипломи, уверенија и други документи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени со Статутот и другите општи акти на Универзитетот;
- остварува различни студии за надградба, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- ги организира студентите и ги развива нивните воннаставни активности;
- врши и други работи во рамките на дејноста, утврдени согласно со Законот за високото образование на Република Северна Македонија и Статутот на Универзитетот.

(3) Универзитетот може да врши високообразовна дејност за стручни студии.
(4) Универзитетот може да врши високообразовна дејност и надвор од своето седиште, преку дисперзирани наставни центри, согласно со Законот за високото образование. Одлука за вакво организирање донесува Сенатот, по претходна согласност на Основачкиот совет.

### 6.1. Учење од далечина
### Член 21

(1) Студиите можат да се организираат и преку системот за далечинско учење.
(2) Предлогот на планот на студиите по далечински пат го поднесува единицата, која е носител на студиската програма, а го усвојува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.
(3) Поблиски одредби се утврдуваат со правилниците на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси студии.

## 7. ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ
### 7.1. Јавност во работата на Универзитетот
### Член 22

(1) Универзитетот обезбедува јавност во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.
(2) Јавноста од став 1 на овој член се обезбедува со:
- ставање на извештаите на увид пред јавноста за резултатите од надворешната евалуација, преку веб-страницата на Универзитетот;
- објавување на информации за работењето и за остварувањето на високообразовната и научноистражувачката дејност на органите на Универзитетот;
- објавување на резултатите за самоевалуација на веб-страницата на Универзитетот;
- објавување на студиските програми и решението за почеток со работа на студиската програма на веб-страницата на Универзитетот и на друг начин најдоцна до објавувањето на конкурсот за упис на студенти.

По исклучок, кога на седниците на органите на управувањето се расправа за прашања кои претставуваат службена, деловна и друга тајна, со одлука на органот на управувањето, јавноста може да биде изземена.

**Член 23**

(1) За службена тајна на Универзитетот се сметаат документите и податоците што се утврдени со посебна одлука на Ректорската управа, генералниот секретар или врз основа на закон.
(2) Универзитетот ги чува како службени документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за службена тајна и кои, како доверливи, му ги доставил или за кои го известил надлежниот орган, документите од меѓународната соработка, ако се означени како службена тајна, како и документите кои се од посебно општествено-економско значење во согласност со закон.

**Член 24**

(1) Документите и податоците што се сметаат за службена тајна, на други овластени лица може да им ги соопшти ректорот или овластено лице од него.
(2) Ректорот може да соопшти службена тајна само на лица овластени со закон.
(3) Секој вработен на Универзитетот е должен да ја чува службената тајна, како и документите и податоците што се сметаат за службена тајна, ако на кој и да било начин дознал за нив.
(4) Поблиски одредби околу надлежниот орган и начинот на чување, обработување и споделување на службена тајна се пропишуваат со посебен Правилник за начинот на чување, обработување и споделување на службена тајна.

**7.2. Отчетност и одговорност**
**Член 25**

(1) Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразуваат преку:

- поднесување годишен извештај за работата на Универзитетот од страна на ректорот на Универзитетот до Сенатот и до Основачкиот совет;

- функционирање на внатрешен систем за обезбедување и оценка на квалитетот во остварувањето на високообразовната дејност на Универзитетот (самоевалуација);
- доставување на извештаите за надворешна евалуација до Одборот за евалуација на високото образование.

## 8. СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Член 26

(1) Универзитетот ги реализира целите и задачите непосредно преку наставно-научната и применувачката дејност, преку следните единици на Универзитетот во неговиот состав:

1. Факултет за инженерство
2. Факултет за економски и административни науки
3. Факултет за уметност и дизајн
4. Факултет за комуникации
5. Факултет за хуманистички и општествени науки
6. Факултет за образовни науки
7. Правен факултет
8. Факултет за дентална медицина
9. Висока медицинска школа.

(2) Во рамките на Универзитетот се формираат и следните организациони единици:

- Школа за англиски јазик
- Центар за кариера
- Научни институти.

(3) Универзитетот во постапка и под услови утврдени со закон може да формира и други организациони единици во негов состав.

(4) Основање на други организациони единици може да се врши доколку се обезбедени просторни и кадровски услови, финансиски средства, програма за работа и други услови утврдени со закон. Одлука за нивно основање донесува Универзитетскиот сенат, по предлог на Ректорската управа.

## 9. ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 27**

Управувањето и раководењето на Универзитетот ќе се врши преку следниве органи:

- Универзитетски сенат;
- Ректор;
- Ректорска управа;
- Основачки совет на Универзитетот – орган на основачот (The Founding Council of the Univeristy);

На Универзитетот се формираат и следниве тела:

- Универзитетско студентско собрание;
- Студентски правобранител.

### 9.1. Сенат на Универзитетот

#### 9.1.1. Положба и состав

**Член 28**

Универзитетскиот сенат (во понатамошниот текст: Сенатот) е орган на управување и стручен орган.

**Член 29**

(1) Сенатот го сочинуваат:

- по еден претставник од секоја од единиците на Универзитетот;
- 10 % од бројот на членовите на Сенатот се претставници на студентите избрани од Универзитетското студентско собрание.

(2) Ректорот и проректорите на Универзитетот се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на Сенатот.

(3) За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан, односно директор на единица на Универзитетот.

(4) Генералниот секретар ги подготвува седниците на Сенатот и присуствува на нив, без право на глас.

### 9.1.2. Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот

**Член 30**

(1) Претставниците на единиците во Сенатот се избираат со непосредно и тајно гласање од страна на членовите на наставниот кадар на единиците.
(2) За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на Универзитетот.
(3) Претставниците на студентите се избираат од редовите на Универзитетското студентско собрание со тајно гласање.
(4) Мандатот на членовите на Сенатот трае 3 години, со право на уште еден избор.
(5) Верификацијата на мандатот на новоизбраните членови на Сенатот ја врши тричлена комисија, избрана од редовите на Сенатот.
(6) Членовите на верификационата комисија се избираат по предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.
(7) Постапката за избор на членови на Сенатот ја иницира претседателот на Сенатот најмалку 45 дена пред истекот на мандатот на член на Сенатот.
(8) Претставниците на Универзитетското студентско собрание се бираат за период на 1 година, без право на повторен избор.
(9) Мандатот на членовите на Сенатот започнува со денот на нивниот избор.

**Член 31**

(1) На член на Сенатот му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран:
- ако го отповика единицата, односно органот што го избрал, на начин и постапка како и за неговиот избор;
- ако му престане работниот однос;
- ако му мирува работниот однос;
- на негово барање;
- по правосилна судска одлука со која е осуден на казна затвор;
- по престанок на статусот на студент;

- заради избор на функција која не дозволува вршење на функцијата член на Сенатот;
- ако пропушти три седници на Сенатот, а своето отсуство не го оправдува;
- при повреда на Етичкиот кодекс и актите на Универзитетот и во други случаи утврдени со закон, овој Статут и актите на Универзитетот.

(2) Во случаите на престанок на мандатот на член на Сенатот, единицата е должна да избере друг член по доставеното известување од Сенатот.

(3) Единицата е должна во најкус можен рок, а не подоцна од еден (1) месец да избере нов член на Сенатот и да ја достави одлуката за избор до претседателот на Сенатот и до генералниот секретар на Универзитетот.

### 9.1.3. Надлежност на Сенатот

**Член 32**

(1) Сенатот на универзитетот:

1. донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав,

2. одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност,

3. ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високообразовна дејност согласно со овој закон,

4. ги предлага до Националниот совет за високо образование основите врз кои се определува школарината за студирање,

5. одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва,

6. одлучува за статусни промени во согласност со овој закон,

7. утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање,

8. донесува годишна и тригодишна програма за развој и работа на универзитетот,

9. дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,

10. дава мислење и поднесува предлози на националната програма за научноистражувачката дејност на Република Македонија,

11. го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот, поднесен од Ректорот,

12. усвојува годишен финансиски план на универзитетот,

13. донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,

14. донесува програма за инвестиции на универзитетот,

15. одлучува по жалба против одлуката по приговор од лицето кое не е избрано ниту во постојното во звање, согласно член 165 од овој закон,

16. одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (professor honoris causa) и звањето професор емеритус,

17. избира универзитетска изборна комисија,

18. решава за потврдување на суспензијата на декан, односно директор на единицата на универзитетот,

19. го потврдува изборот на декан, односно директор на единиците на универзитетот,

20. дава мислење на националниот совет за високо образование по нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност,

21. донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања,

22. донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии,

23. донесува правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,

24. донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи,

стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома,

25. донесува правилник за начинот на кој се вршат стручноадминистративните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот,

26. донесува правилник за организирање на издавачката дејност и одлучува за издавачката дејност,

27. донесува програма за меѓународна соработка,

28. ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност,

29. на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на универзитетот,

30. формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови,

31. донесува Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование,

32. донесува деловник за работа на сенатот,

33. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,

34. избира претседател на сенатот,

35. донесува општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот,

36. го донесува општиот акт од член 150 став (2) на овој закон со кој се утврдуваат условите за упис на студиски програми за лицата кои не завршиле еднакво образование во странство,

37. го донесува општиот акт од член 154 став (4) на овој закон со кој се пропишуваат можните начини на проверка на знаењето на студентите,

38. избира вршител на должноста ректор согласно со овој закон,

39. од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција,

40. донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,
41. на предлог на универзитетското студентско собрание, избира студентски правобранител,
42. донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост и
43. врши други работи утврдени со овој закон и со статутот на универзитетот.

**Член 32-а**

(1) Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со овој закон не е поинаку предвидено.
(2) За изборот на органите на универзитетот и избор на претседател на Сенатот, сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

### 9.1.4. Постапка за избор на претседател на Сенатот

**Член 33**

(1) Претседателот на Сенатот се избира од редот на членовите на Сенатот со тајно гласање на седница на Сенатот, по претходно мислење од страна на Конститутивниот совет.
(2) Претседателот на Сенатот се избира на седница на Сенатот на која присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлуката се донесува со мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.
(3) Претседателот на Сенатот се избира за период од една година, со право на уште еден избор.
(4) Право да предложи претседател на Сенатот има секој член на Сенатот.

(5) Доколку во првиот круг не се избере претседател, гласањето се повторува, така што во секој нареден круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.
(6) Ако ниедно лице не го добие потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго, односно други лица за претседател и постапката се спроведува согласно со одредбите од овој член.
(7) До изборот на претседател на Сенатот, работите од надлежност на Сенатот ги врши највозрасниот присутен член на Сенатот.
(8) Во отсуство на претседателот на Сенатот, него го заменува највозрасниот присутен член на Сенатот.

### 9.1.5. Надлежности, права и обврски на претседателот на Сенатот

**Член 34**

(1) Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот што се одржуваат најмалку еднаш месечно.
(2) Претседателот на Сенатот е должен, на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот, или на барање на ректорот, да свика седница на Сенатот. Доколку не го стори тоа, тогаш седницата на Сенатот ја свикува ректорот.
(3) Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот претходно овластен од претседателот на Сенатот.
(4) Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.
(5) Вршењето на должноста претседател на Сенатот е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

### 9.1.6. Начин на работа на Сенатот

**Член 35**

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со Деловникот за работа на Сенатот.

### 9.2. Ректор на Универзитетот

**Член 36**

(1) Ректорот е раководен орган на Универзитетот.
(2) Ректорот се избира од редот на редовните професори на Универзитетот, со објавување на јавен оглас за време од три години, со право на уште еден избор.
(3) Ректорот има права и обврски согласно со Уставот, Законот за високото образование, овој Статут и другите општи акти на Универзитетот.
(4) Ректорот може, на начин и под условите утврдени со посебен правилник на Универзитетот, да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран.
(5) Вршењето на должноста ректор е неспојлива со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

#### 9.2.1. Начин и постапка при избор на ректор на Универзитетот

**Член 37**

Постапка за избор на ректор покренува Ректорската управа во втората половина на месец април во тековната година, пред истекот на мандатот.

**Член 38**

(1) Ректорот се избира под услови и во постапка утврдени со Законот за високото образование и овој Статут.
(2) Постапката за избор на ректор треба да заврши до 15 јули тековната година.
(3) Доколку изборот на ректор не заврши во рокот утврден во претходниот став, изборот на ректор се врши најдоцна до 15 септември тековната година.

**Член 39**

(1) Ректорската управа, во рокот од член 34 од овој Статут, донесува одлука за објавување јавен оглас за избор на ректор и ја утврдува содржината на огласот.

(2) Огласот содржи:
- општи услови;
- посебни услови;
- времетраење на огласот;
- други елементи од значење за постапката.

(3) Кандидатите за ректор поднесуваат:
- програма за работа;
- биографски и библиографски податоци.

(4) Огласот се објавува по формирањето на Универзитетската изборна комисија.

(5) Огласот се објавува на веб-страницата на Универзитетот и во два печатени медиума.

**Член 40**

(1) Сенатот, во втората половина на месец април, формира Универзитетска изборна комисија.

(2) Универзитетската изборна комисија ја сочинуваат 7 сенатори, избрани со тајно гласање.

(3) Право да предложи член на Универзитетската изборна комисија има секој член на Сенатот.

(4) Доколку во првиот круг не се избере Универзитетската изборна комисија, гласањето се повторува, така што во секој нареден круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

(5) Ако во случајот од претходниот став, предложен член, односно членови не го добијат потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго, односно други лица за Универзитетската изборна комисија и постапката се спроведува согласно со одредбите од овој член.

**Член 41**

(1) Универзитетската изборна комисија, освен надлежностите утврдени со Законот за високото образование, ги врши и следниве работи:

- утврдува временска рамка за спроведување на потребните дејствија за избор на ректор;
- утврдува рокови во кои треба да се формираат изборните комисии на единиците;
- го одредува денот на гласање;
- именува членови на изборна комисија доколку единицата во утврдениот рок не формира изборна комисија;
- донесува упатство со кое се утврдува: нејзината работа и работата на изборните комисии на единиците, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, начинот, рокот и сл. на комуникација и доставување документација, акти, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за спроведување на гласањето и утврдување на резултатите од гласањето. Упатството се објавува на веб-страницата на Универзитетот;
- го утврдува изгледот на гласачкото ливче;
- го утврдува образецот на записникот за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
- дава задолжителни инструкции до изборните комисии на нивно барање или по сопствено наоѓање;
- одлучува по приговори согласно со овој Статут;
- врз основа на резултатите од гласањето, го прогласува избраниот кандидат за ректор;
- други работи утврдени со овој Статут.

**Изборни комисии на единиците**

**Член 42**

(1) По формирањето на Универзитетската изборна комисија, наставно-научните, наставно-стручните и наставничките совети формираат изборни комисии на единиците од 5 члена кои го спроведуваат гласањето на единиците.
(2) Изборните комисии се формираат во роковите утврдени од страна на Универзитетската изборна комисија.

### Поднесување пријави

### Член 43

Кандидатите за ректор ги доставуваат пријавите со потребната документација до Универзитетската изборна комисија, согласно со овој Статут и упатството на Универзитетската изборна комисија.

### Оцена на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите за избор

### Член 44

(1) Универзитетската изборна комисија со решение ги отфрла пријавите на кандидатите кои не ја доставиле вкупната документација која се бара со огласот.
(2) Универзитетската изборна комисија со решение ги одбива пријавите на кандидатите кои не ги исполнуваат општите услови наведени во огласот.
(3) На кандидатот чија пријава е отфрлена или одбиена му се доставува решение.
(4) Врз основа на прифатените, отфрлените и одбиените пријави, Универзитетската изборна комисија со решение утврдува листа на кандидати за ректор, по азбучен ред, која ја доставува до:
   - кандидатите за ректор;
   - деканите, односно директорите на единиците.

### Член 45

(1) Кандидатот има право на приговор против решението со кое се утврдува листата на кандидати за ректор.
(2) Приговорот се поднесува до Сенатот на Универзитетот во рок од 3 дена од приемот на решението од став 1 на овој член.
(3) Сенатот на Универзитетот одлучува со решение во рок од 3 дена сметано од наредниот ден од денот кога истекува последниот ден за поднесување приговор.
(4) Сенатот на Универзитетот донесува решение со кое:

- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува конечна листа на кандидати за ректор;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува и се донесува конечна листа на кандидати за ректор.

(5) Решението на Сенатот на Универзитетот е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(6) Решението се доставува до кандидатите за ректор, до деканите и директорите на единиците и до изборните комисии на единиците.

(7) Доставувањето се врши согласно со овој Статут и упатството што го донесува Сенатот на Универзитетот.

**Гласање**

**Член 46**

(1) Универзитетската изборна комисија го утврдува денот за гласањето.

(2) Гласањето за ректор е тајно и се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на Универзитетот.

**Доставување на записник и одлука за утврдување на избран кандидат за ректор**

**Член 47**

(1) Записникот и одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор се доставуваат до пријавените кандидати за ректор во рок од 24 часа од спроведеното гласање.

(2) Доставувањето се врши согласно со овој Статут и упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

**Член 48**

(1) Незадоволниот кандидат има право на приговор на записникот и на одлуката од член 44 од овој Статут.

(2) Приговорот се поднесува до Универзитетската изборна комисија во рок од 3 дена од приемот на актите од став 1 на овој член.

(3) Основи за приговорот од став 1 на овој член се:
- повреди на спроведената постапка на единицата;

- утврдените резултати од гласањето на единицата;
- утврдените резултати од гласањето од страна на Универзитетската изборна комисија.

**Член 49**

Ако Сенатот на Универзитетот го усвои приговорот од член 45, став 3, алинеја 1 од овој Статут, по правило, гласањето на единицата се повторува, доколку може да влијае на изборниот резултат.

**Член 50**

(1) Сенатот на Универзитетот одлучува со решение во рок од 3 дена сметано од наредниот ден од денот кога истекол последниот ден за поднесување приговор.

(2) Сенатот на Универзитетот донесува решение со кое:
- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува ново решение;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува.

(3) Решението на Сенатот на Универзитетот е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(4) Решението се доставува до кандидатите за ректор.

**Заеднички одредби за Универзитетската изборна комисија и изборните комисии на единиците**

**Член 51**

(1) Универзитетската изборна комисија и изборните комисии на единиците одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(2) Изборните комисии имаат заменици кои се избираат истовремено со изборот на членови.

(3) Доколку изборната комисија не ја заврши работата во утврдените рокови, се формира нова изборна комисија.

**Сметање на роковите**

**Член 52**

(1) Роковите од оваа глава се сметаат во работни денови.
(2) Како неработни денови се сметаат сабота, недела, државни празници и други неработни денови утврдени со закон.

**Пријава на еден кандидат за ректор**

**Член 53**

(1) Ако за ректор е пријавено едно лице, се смета избрано за ректор доколку за него гласале над 50 % од вкупниот број важечки гласови.
(2) Доколку е пријавено едно лице и не го добие потребното мнозинство гласови, се спроведува нова постапка за избор. Во повторната постапка не учествува лицето од став 1 на овој член.

**Вршител на должноста ректор**

**Член 54**

(1) Доколку на повторната постапка не се избере ректор до 15 септември во тековната година, Сенатот избира в.д. ректор од своите членови, со мандат до 6 месеци, односно до изборот на новиот ректор.
(2) На в.д. ректорот од ставот 1 на овој член му мирува функцијата член на Сенатот. Едно лице може да биде избрано за в.д. ректор само еднаш.
В.д. ректор предлагаат членовите на Сенатот, а за избор е потребно присуство на 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, така што избрано е лицето што добило мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.
(3) Доколку при првото гласање, кандидатите за в.д. ректор не го добијат потребното мнозинство гласови за избор, гласањето се повторува сè додека не се избере в.д. ректор.
(4) При секое гласање отпаѓа кандидатот кој добил најмал број гласови.
(5) Доколку кандидатот не го добие потребното мнозинство, постапката се повторува со предлагање на друг кандидат, односно кандидати за в.д. ректор.

**Стапување на должност**

**Член 55**

(1) Ректорот, по правило, стапува на должност на почетокот на учебната година.
(2) На денот на стапувањето на должност на новоизбраниот ректор, примопредавањето на должноста се врши на свечен начин.

**Член 56**

(1) Проректорот ја врши должноста ректор до изборот на ректор, во случај на престанок на мандатот на ректорот од следниве причини, ако:
- тоа сам го побара;
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста ректор;
- ги исполни условите за старосна пензија;
- е разрешен пред истекот на мандатот од Сенатот;
- даде оставка од функцијата.

### 9.2.2. Надлежности на ректорот

**Член 57**

(1) Ректорот, во рамките на раководењето со Универзитетот:
- го претставува и го застапува Универзитетот во земјата и во странство;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Основачкиот совет и на Сенатот;
- ја усогласува високообразовната, уметничката, научноистражувачката и применувачката дејност и друга работа на Универзитетот;
- им поднесува на Основачкиот совет, на Ректорската управа и на Сенатот предлози и одлуки, други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност;
- дава иницијатива за свикување на Сенатот;
- промовира доктори на науки;
- доделува награди на Универзитетот;
- ја води меѓународната соработка на Универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и во странство;
- иницира соработка меѓу високообразовните установи во состав на Универзитетот;

- ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Ректорската управа;
- предлага избор и разрешување на проректор;
- суспендира декан на единица на Универзитетот за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на Универзитетот и поставува времен вршител на должноста декан на единица на Универзитетот;
- предлага избор и разрешување на генерален секретар на Универзитетот;
- назначува времен вршител на должноста декан, односно вршител на должноста директор на единица на Универзитетот;
- делегира права и обврски на проректорите, деканите и на членовите на Ректорската управа во согласност со Законот за високото образование, Статутот и други општи акти на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и посебен правилник на Универзитетот;
- на Основачкиот совет му предлага едногодишна и тригодишна програма за развој и работа на Универзитетот во согласност со стратешките приоритети утврдени од Основачкиот совет;
- утврдува потреба од кадровски решенија и предлогот го доставува до Основачкиот совет;
- дава овластување на проректорите и на генералниот секретар за вршење на дел од своите права и обврски.

(2) Високообразовните и другите установи во состав на Универзитетот се должни на барање од ректорот да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на Универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

(3) Ректорот е должен еднаш во годината, до Сенатот и до органот на основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на Универзитетот.

(4) Ако Сенатот не го прифати извештајот, се отвора постапка за разрешување на ректорот на Универзитетот.

(5) Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право да запре извршување на акт за кој смета дека е спротивен на законот, на Статутот, општ акт или одлука на Универзитетот.
(6) За запрениот акт, ректорот ги информира Сенатот и Основачкиот совет. Одлуката на Сенатот е конечна.

### 9.3. Проректори на Универзитетот
### Член 58

(1) Универзитетот има проректори, кои се избираат од редот на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни и наставни звања.
(2) Универзитетот има три проректори, и тоа за:
   1. настава и академски работи;
   2. институционална промоција и развој;
   3. меѓународна соработка и истражување.
(3) Сенатот, по предлог на ректорот, ги избира и ги разрешува проректорите со тајно гласање. Потребно е присуство на 2/3 од членовите на Сенатот, а избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.
(4) Проректорите имаат обврска да ја координираат и да ја усогласуваат наставно-образовната, научноистражувачката, финансиско-инвестиционата и развојната дејност на Универзитетот, да ја координираат соработката со универзитетите во земјата и во странство, како и да вршат други работни задачи.
(5) Проректорите се именуваат за мандат од три години со право на реизбор.
(6) Во одлуката за именување на проректор поблиску се пропишуваат делокругот на работа, правата, должностите и одговорностите на проректорот.
(7) На проректорот може да му престане функцијата пред истекот на мандатот за кој е избран под истите услови како за престанок на функцијата ректор на Универзитетот.
(8) Вршењето на должноста проректор е неспојливо со вршењето на функцијата декан, односно директор, друга државна функција или функција во политичка партија.

(9) Проректорите, за работата од својот делокруг, одговараат пред ректорот.

### 9.4. Ректорска управа

### Член 59

(1) Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите, односно директорите на единиците и еден претставник на Универзитетското студентско собрание.
(2) Во работата на Ректорската управа учествува и генералниот секретар на Универзитетот, без право на глас.
(3) Поради одредени важни прашања поврзани со дејноста на Универзитетот, на Ректорската управа може да учествуваат и други членови на Универзитетот.
(4) Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за нивниот тек.
(5) Во негова отсутност, седницата на Ректорската управа ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од ректорот.
(6) Работата на Ректорската управа поблиску се уредува со Деловникот за работа на Ректорската управа.

### Член 60

(1) Ректорската управа, на своите седници, донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења.
(2) Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Ректорската управа.
(3) Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.
(4) Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена. Прифатената формулација на одлуката се внесува во записник.
(5) Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува ректорот.

### 9.4.1. Задачи на Ректорската управа

**Член 61**

(1) Ректорската управа, во рамките на својата надлежност:

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот;
- ги разгледува и дава мислење за студиските програми на факултетите;
- ги разгледува и дава мислење за студиските и предметните програми за интердисциплинарните и мултидисциплинарните студии од прв, втор и трет циклус на високо образование што непосредно ги организира Универзитетот;
- зазема став за тековното одвивање на научноистражувачката дејност;
- одлучува за интердисциплинарните и мултидисциплинарните научноистражувачки проекти;
- донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на Универзитетот;
- го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование;
- го утврдува и го објавува конкурсот за запишувањето на студии од прв, втор и трет циклус на високо образование;
- дава предлози за организирање собири, симпозиуми, советувања и слично;
- дава предлози за остварувањето на меѓународната соработка;
- формира комисии и други работни тела за проучување и изготвување предлози за прашања од делокругот на работата на Ректорската управа;
- носи одлуки за утврдување на надлежноста и составот на комисиите и ги именува нивните претседатели;
- носи деловник за работа на Ректорската управа;
- врши и други работи определени со Статутот на Универзитетот или делегирани од ректорот.

### 9.5. Основачки совет на Универзитетот

#### Член 62

(1) Заради непречено извршување на работите околу функционирањето на Универзитетот, неговото финансирање, како и обезбедувањето соодветен квалитет на образованието, основачот формира Основачки совет.

(2) Членови на Основачкиот совет се истакнати професионалци и стопанственици со мандат од 3 години и можност за повторен избор. Основачкиот совет брои најмалку 5 (пет), а најмногу 7 (седум) члена.

(3) Бројот на членови на Основачкиот совет треба да биде непарен.

(4) Доколку бројот е парен, се назначува уште еден член на Основачкиот совет на предлог на членовите на Основачкиот совет, со 2/3 мнозинство од сите членови.

(5) Членовите на Управниот одбор на Фондацијата која е основач на Универзитетот се истовремено и членови на Основачкиот совет на Универзитетот.

(6) Член на Основачкиот совет може да се избере и лице кој не е член на Упрвниот одбор на Фондацијата.

(7) Основачкиот совет има претседател што го назначува основачот.

(8) Поблиски определби околу составот и функционирањето на Основачкиот совет донесува основачот, а ги потврдува Универзитетскиот сенат.

### 9.5.1. Надлежности на Основачкиот совет

#### Член 63

(1) Основачкиот совет ги има следниве надлежности:

- ги определува развојните и стратешките цели на Универзитетот;
- врши надзор над рационалната употреба на кадровските и на материјалните ресурси на Универзитетот;
- врши надзор над извршувањето на дејноста на Универзитетот, односно дали таа е во согласност со определените развојни и стратешки цели на Универзитетот;

- врши надзор над извршувањето на задачите на Универзитетот во согласност со Законот за високото образование, овој Статут и актите на Универзитетот;
- се грижи за солвентноста на Универзитетот, одржувањето и унапредувањето на квалитетот на образованието што се нуди на Универзитетот;
- ја потврдува годишната и тригодишната програма за развој и работа на Универзитетот што ја предлага ректорот;
- соработува со ректорот, генералниот секретар и со останатите менаџментски структури на Универзитетот кон остварување на стратешките цели;
- дава согласност за годишната финансиска пресметка и годишниот завршен финансиски извештај на Универзитетот;
- дава согласност за одлуката на Сенатот за статусни и структурни промени на Универзитетот;
- одлучува и располага со имотот кој го користи Универзитетот;
- дава согласност на предлог на ректорот за нови кадровски решенија, а во согласност со годишната и тригодишната програма за развој и работа на Универзитетот што ја предлага ректорот;
- врши надзор над материјално-финансиското работење на Универзитетот;
- одлучува за прекин на работата на Универзитетот и дава согласност на спогодбата за негово спојување со други универзитети;
- одлучува за ознаките на Универзитетот.

(2) Основачкиот совет во својата работа не може да преземе дејствија со кои се ограничува и повредува автономијата на Универзитетот.

**Член 64**

(1) Основачкиот совет одлучува на седници.
(2) Седниците ги закажува и со нив претседава претседателот.
(3) Советот може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови, и одлуките ги донесува со

мнозинство гласови од вкупниот број членови доколку поинаку не е уредено со овој Статут.

### 9.6. Стручни тела и комисии

**Член 65**

На Универзитетот се формираат следниве комисии:

1. Комисија за настава
2. Комисија за наука
3. Комисија за финансии, инвестиции и развој
4. Комисија за соработка со универзитетите во земјата и во странство
5. Комисија за издавачка дејност
6. Комисија за нормативна дејност
7. Комисија за информатичка технологија
8. Комисија за самоевалуација
9. Комисија за студентски стандард
10. Комисија за култура и спорт
11. други комисии формирани од страна на Ректорската управа.

**Член 66**

Седниците на комисиите ги закажува претседателот на соодветната комисија по сопствена иницијатива, а должен е да свика седница ако тоа го побара ректорот на Универзитетот или една петтина од членовите на комисијата, со соопштување на прашањата што ќе бидат на дневен ред на таа комисија.

**Член 67**

(1) Комисијата може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на комисијата, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.
(2) Во работата на комисиите можат да учествуваат и други лица, без право на одлучување.
(3) Комисиите работат врз основа на својата програма за работа, која мора да биде усогласена со програмата за работа на Универзитетот.

**Член 68**

(1) Заради проучување на одделни прашања од својата надлежност и за подготвување извештаи и нацрт-одлуки за потребите на органите на Универзитетот, комисиите може да ангажираат наставници, студенти и други вработени луѓе на Универзитетот, како и членови на заинтересираните органи и организации.
(2) Членовите од редот на студентите во комисиите и во работните тела на Универзитетот се избираат од страна на органите на Универзитетското студентско собрание.
(3) Во работата на комисиите можат да учествуваат и други лица, без право на одлучување.
(4) Комисиите работат врз основа на својата програма за работа, која мора да биде усогласена со програмата за работа на Универзитетот.

**Член 69**

Комисиите даваат предлози и мислења и донесуваат одлуки и заклучоци по постапката пропишана со Деловникот за работа на комисиите и други работни тела.

**Овластено лице за прием на пријави на корупција**

**Член 70**

(1) Заради поефикасно спречување и заштита од корупција, универзитетскиот Сенат од редот на редовните професори на Универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција.
(2) Во однос на условите за избор, надлежноста и мандатот на овластеното лице, важат решенијата содржани во Законот за високото образование.
(3) Во однос на постапката за пријавување на корупција важат решенијата содржани во Законот за високото образование.

## 10. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 71**

(1) Органи на факултетот се: наставно-научен совет, декан и деканатска управа.
(2) Органи на високата стручна школа се: наставнички совет, директор и управа на високата стручна школа.
(3) На факултетот, како единица на Универзитетот, се формира студентско собрание на факултетот како тело на факултетот.
(4) На високата стручна школа, како единица на Универзитетот, се формира собрание на високата стручна школа како тело на високата стручна школа.

### 10.1. Наставно-научен совет, односно наставнички совет

#### Член 72

(1) Наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот, односно на високата стручна школа.
(2) Наставно-научниот совет на факултетот од областа на уметноста или уметничка академија може да носи назив: наставно-научен и уметнички совет.
(3) Наставно-научниот совет го сочинуваат лица избрани во наставно-научни и наставно-стручни звања кои се во работен однос на Универзитетот, како и претставници на студентите избрани во факултетското студентско собрание.
(4) Наставничкиот совет го сочинуваат професорите, вишите предавачи и предавачите кои се во работен однос на Универзитетот, како и претставници на студентите избрани во собранието на високата стручна школа.
(5) Избраните претставници на студентите сочинуваат најмалку 10 % од вкупниот број членови во наставно-научниот, односно наставничкиот совет. Претставниците на студентите се избираат за време од една година.

#### 10.1.1. Надлежности на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет

#### Член 73

(1) Наставно-научниот совет на факултетот:

1. донесува статут на факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување;
4. избира продекани;
5. избира членови на Сенатот на Универзитетот во чиј состав е (сенатори);
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка, односно уметничка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставно-стручни звања: лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет;
12. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со овој закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со овој закон;
13. ги донесува општите акти на факултетот;
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката, уметничката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;

16. избира и разрешува секретар на факултетот, во согласност со Статутот на Универзитетот и статутот на факултетот;
17. ги избира членовите на Комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација, кој го донесува Националниот совет за високо образование;
18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и статутот на факултетот;
19. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
20. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и статутот на факултетот;
21. врши и други работи утврдени со овој закон и со статутот.

(2) Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
(3) При изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите.
(4) За работите од став 1, алинеи 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.
(5) За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори, наставничкиот совет одлучува со тајно гласање. Со Статутот на Универзитетот или со статутот на факултетот може да се предвиди и за други прашања од ставот 1 на овој член наставно-научниот совет да гласа тајно.
(6) За одредени прашања од ставот 1 на овој член, наставно-научниот совет може да одлучи да се спроведе тајно гласање и покрај тоа што со овој закон, Статутот на универзитетот или статутот на факултетот не е предвидено тајно гласање.

### 10.1.2. Надлежности на наставничкиот совет

**Член 74**

(1) Наставничкиот совет на високата стручна школа како единица на Универзитетот:

1. донесува статут на високата стручна школа;
2. донесува двегодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира директор и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување;
4. избира заменик-директор;
5. избира членови на Сенатот на Универзитетот во чиј состав е (сенатори);
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. врши избор во наставни звања: професор, виш предавач и предавач;
8. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на студии;
9. донесува одлука за распоред на работни задачи за професорите, вишите предавачи и предавачите;
10. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет;
11. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со овој закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со овој закон;
12. ги донесува општите акти на високата стручна школа како единица на Универзитетот;
13. донесува мерки за работа со особено успешни и талентирани студенти;
14. донесува мерки и одлучува за унапредувањето на наставната и применувачката работа и за компјутерската мрежа;

15. избира секретар на високата стручна школа, во согласност со Статутот на Универзитетот и статутот на високата стручна школа;
16. ги избира членовите на Комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на високата стручна школа;
17. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и статутот на високата стручна школа;
18. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
19. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и статутот на високата стручна школа;
20. врши и други работи утврдени со овој закон и со статутот.

(2) Наставничкиот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) При изборот во наставни звања не учествуваат студентите.

(4) За работите од став 1, алинеи 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

(5) За избор и разрешување на директор и заменик-директор и за избор на сенатори, наставничкиот совет одлучува со тајно гласање. Со Статутот на Универзитетот или со статутот на високата стручна школа може да се предвиди и за други прашања од ставот 1 на овој член наставничкиот совет да гласа тајно.

(6) За одредени прашања од ставот 1 на овој член, наставничкиот совет може да одлучи да се спроведе тајно гласање и покрај тоа што со овој закон, Статутот на Универзитетот или статутот на високата стручна школа не е предвидено тајно гласање.

(7) Одредбите од ставовите 1 до 6 на овој член, соодветно се применуваат и на наставничкиот совет на самостојната висока стручна школа.

## 10.2. Декан на факултет, односно директор на висока стручна школа
### Член 75

(1) Деканот е раководен орган на факултетот.

(2) Деканот го застапува и го претставува факултетот во земјата и во странство.

(3) Директорот е раководен орган на високата стручна школа.

(4) Директорот ја застапува и ја претставува високата стручна школа во земјата и во странство.

(5) Вршењето на должноста декан, односно директор е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

### 10.2.1. Надлежност на деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа
### Член 76

(1) Деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот, односно наставничкиот совет;
3. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научноистражувачката и применувачката дејност;
4. ги свикува седниците на наставно-научниот, односно наставничкиот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
5. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа, односно управата на високата стручна школа;
6. на наставно-научниот, односно наставничкиот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
7. распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, односно наставни и соработнички звања;
8. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;

9. управува со имотот на факултетот, односно високата стручна школа и се грижи за неговото одржување во рамките на овластувањата определени со статутот на единицата и Статутот на Универзитетот;
10. врши и други работи согласно со овој закон, Статутот на Универзитетот и статутот на единицата.

(2) Деканот, односно директорот е должен најмалку еднаш во годината да поднесува извештај за својата работа до наставно-научниот, односно наставничкиот совет и до ректорот.

(3) Ако наставно-научниот, односно наставничкиот совет не го прифати извештајот за работа на деканот, односно директорот, тој се смета за разрешен.

(4) Деканот, односно директорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на единицата и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот и статутот на единицата, и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

(5) За вршење на дел од своите права и обврски, деканот, односно директорот, може да овласти одделни продекани, односно заменик-директор.

### 10.2.2. Избор на декан, односно директор

**Член 77**

(1) Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

(2) Директорот се избира од редот на професорите на високата стручна школа, а доколку нема професори, и од редот на вишите предавачи, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

(3) Постапката за избор на декан, односно директор започнува најрано 3 месеци, а не подоцна од 2 месеца пред истекот на мандатот на деканот, односно директорот.

(4) Факултетот може да има еден или повеќе продекани, кои ги предлага деканот.
(5) Високата стручна школа може да има еден заменик-директор, кој го предлага директорот.

**Член 78**

(1) Постапката за избор на декан, односно директор започнува најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на декан, односно директор.
(2) Наставно-научниот, односно наставничкиот совет донесува одлука за започнување на постапката и формира изборна комисија од три члена. Доколку наставно-научниот, односно наставничкиот совет не донесе одлука под условите предвидени во став 1 од овој член, тогаш одлуката за започнување на постапката ја донесува ректорот.
(3) Секој кандидат има право, најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од став 2 на овој член, да се кандидира за декан, односно директор. Пријавата и програмата за работа за мандатниот период кандидатите ги доставуваат преку генералниот секретар до Основачкиот совет.
(4) По разгледувањето на поднесените пријави и програми за работа, Основачкиот совет, најдоцна во рок од 15 дена, се изјаснува со заклучок по поднесените пријави и ги препраќа до наставно-научниот, односно наставничкиот совет на гласање.
(5) Наставно-научниот, односно наставничкиот совет, по приемот на заклучокот од Основачкиот совет закажува седница за избор декан, односно директор. Седницата за избор ќе се закаже во најкусен можен рок, а најдоцна еден месец пред истекот на мандатот на тековниот декан.
(6) За декан, односно директор, ќе биде избран кандидатот за кого позитивно се изјаснило мнозинството од вкупниот број членови во наставно-научниот, односно наставничкиот совет.
(7) Доколку два члена имаат ист број на гласови, постапката за гласање се повторува сè додека еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство.
(8) Ако во определениот рок предвиден со Статутот на Универзитетот единицата не избере декан, најдоцна во рок од три дена од истекот на

мандатот на деканот, ректорот именува времен вршител на должност чиј мандат може да трае најмногу шест месеци. Лицето за времен вршител на должност декан може да биде именувано само еднаш.

(9) Изборот на деканот го потврдува Сенатот.

(10) Сенатот може да не го потврди изборот на декан ако тој не ги исполнува условите утврдени со закон или при сторена повреда на постапката за избор.

### 10.2.3. Престанок на мандатот на декан, односно директор

**Член 79**

(1) Мандатот на декан, односно директор престанува по истекот на рокот за кој е избран.

(2) На декан, односно директор на единица може да му престане мандатот и пред истекот на рокот за кој е избран во следниве ситуации:

- на негово барање;
- поради престанок на работен однос или други околности што објективно го попречуваат во извршувањето на функцијата декан;
- ако е утврдено дека со своето работење му нанел штета на Универзитетот и на факултетот;
- ако го повредува законот или актите на Универзитетот и ги пречекори овластувањата.

### 10.3. Продекан, односно заменик-директор

**Член 80**

(1) Факултетот може да има еден или повеќе продекани од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

(2) Високата стручна школа може да има еден или повеќе заменици директори од редот на професорите.

(3) Продеканот, односно заменик-директорот се избира од страна на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет на единицата, по предлог на деканот.

(4) Продеканот, односно заменик-директорот се избира за вршење на работи од одредено подрачје во тесна соработка со деканот, односно директорот.

(5) Во одлуката за избор на продеканот, односно заменик-директорот, поблиску се пропишуваат делокругот на работа, правата, должностите и одговорностите на продеканот, односно заменик-директорот.
(6) Продеканот, односно заменик-директорот се разрешува од страна на наставно-научниот, односно наставничкиот совет, по предлог на деканот, на негово барање или, пак, по утврдени евидентни недостатоци при спроведување на неговата работа.

### 10.4 Деканатска управа, односно управа на високата стручна школа

**Член 81**

Во однос на избор, надлежности, овластувања и мандат на деканатската управа, односно управата на високата стручна школа, се применуваат важечките решенија на Законот за високото образование.

## 11. СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

**Член 82**

(1) За вршење на стручни и стручно-административни и помошни работи, Универзитетот формира Стручна и административна служба.
(2) Универзитетската стручна и административна служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот, која ја сочинува Стручната и административна служба на Универзитетот (Ректорат).
(3) Универзитетската стручна и административна служба се организира во согласност со функционалната поврзаност на Универзитетот и дејностите на единиците на Универзитетот утврдени со овој Статут.
(4) Како стручни, стручно-административни и помошни работи во смисла на став 1 од овој член се сметаат работите на службите за студентски прашања; работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите од правно-стручна природа, работите на Компјутерската мрежа, на информативниот и на библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, другите административни работи (примање и испраќање на поштата, деловен протокол, стенографски, дактилографски, архивски и слични работи), општите работи, како и

други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

(5) Начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот се уредува со правилник што го донесува Сенатот на Универзитетот.

**Генерален секретар**

**Член 83**

(1) Со работата на Стручната и административна служба раководи генералниот секретар на Универзитетот.

(2) Генералниот секретар одговара за ефикасноста, економичноста, и ефективноста на администрацијата на Универзитетот пред ректорот на Универзитетот и Основачкиот совет.

(3) Генералниот секретар на Универзитетот има права и должности утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

**Член 84**

(1) Генералниот секретар на Универзитетот, врз основа на конкурс, по предлог на ректорот, од пријавените кандидати, се избира од страна на Сенатот.

(2) Сенатот може да го разреши генералниот секретар на Универзитетот по предлог на ректорот на Универзитетот, ако неговата работа е спротивна на законот, овој Статут и другите општи акти на Универзитетот.

(3) За генерален секретар може да биде избрано лице со високо образование и најмалку 3 години работно искуство во струката по дипломирањето.

**Член 85**

(1) Генералниот секретар на Универзитетот:

- се грижи за законитоста и статутарното работење на Универзитетот;
- раководи со Стручната и административна служба на Универзитетот и се грижи за законитоста на нејзиното работење;

- се грижи за подготвувањето и обработката на материјалите за седниците на Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, како и за подготвувањето на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи;
- го застапува Универзитетот во имотните и во другите правни работи;
- се грижи за исполнувањето и извршувањето на обврските на Универзитетот во соработката со соодветните државни и општински органи и тела надлежни за работите на образованието и науката;
- се грижи, во рамките на своите овластувања, за остварувањето на соработката на Универзитетот со универзитетите во земјата и во странство;
- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната и административна служба;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и ги известува за тоа Сенатот, ректорот и Ректорската управа;
- одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Службата на Универзитетот.

(2) Работните документи, покрај ректорот, може да ги потпишува и генералниот секретар на Универзитетот.

**Член 86**

(1) Стручната и административна служба на Универзитетот се состои, главно, од овие единици:

- Кабинет на ректорот;
- Кабинет на генералниот секретар;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за сметководство и финансии;
- Сектор за студентски прашања;
- Сектор за набавки;
- Сектор за логистика и услуги;

- Сектор за информатички технологии;
- Сектор за социјални работи и промоции;
- Сектор за јавни односи;
- Сектор за дигитализација и програмирање;
- Канцеларија за меѓународни односи;
- Сектор за човечки ресурси;
- Архива;
- Библиотека.

(2) По предлог на генералниот секретар, Универзитетот може да формира и други стручно-административни единици во негов состав.

**Член 87**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите на Стручната и административна служба и за нејзиниот раководител се утврдуваат со правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи на Универзитетот, а е во надлежност на Универзитетскиот сенат.

## 12. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

### 12.1. Центар за поврзување на студентите со бизнис-заедницата

**Член 88**

(1) Центарот за поврзување на студентите со бизнис-заедницата (во понатамошниот текст: ЦПСБЗ) е центар за кариера, кој се залага за регрутирање и промовирање на студентите пред бизнисзаедницата и пронаоѓање и воспоставување на контакти помеѓу студентите и бизнис-заедницата, со цел да им овозможи да ја вршат практичната настава и полесно да се вработуваат и да изградат кариера.

(2) Универзитетот преку Центарот ќе ги имплементира меморандумите и другите документи за соработка кои ги има склучено со субјекти од бизнис-заедницата.

(3) Во рамки на ЦПСБЗ, Универзитетот организира саеми за кариера и промоции.

(4) Универзитетот води евиденција на поранешните студенти (алумни).

(5) ЦПСБЗ се грижи за продолжување и одржување на врските со поранешните студенти, организира настани и промоции во таа насока.
(6) Работата на ЦПСБЗ се регулира врз основа на општ акт што го носи Сенатот на Универзитетот.

## 13.ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Член 89

Финансирањето на Универзитетот ќе се остварува од повеќе извори, и тоа:

- школарини и други давачки и такси од студентите;
- обезбедени фондови од основачите;
- парични средства од државата, доколку има интерес да финансира образование на кадри за потребите на државата преку одредени студиски програми на Универзитетот;
- камати и дивиденди;
- продавање на научни и стручни услуги, како и производи на домашни и странски правни и физички лица;
- приходи по основ на авторски права во сопственост на Универзитетот;
- донации, легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

### Член 90

Доколку Универзитетот работи со позитивни финансиски резултати, по намирувањето на обврските по основ на плати за вработените, како и потребните материјални трошоци, со остатокот од средствата располага основачот.

### Член 91

(1) Недвижниот имот и другите средства на Универзитетот се во приватна сопственост на основачот.
(2) Универзитетот ги користи имотот, предметите и паричните средства за вршење на високообразовната дејност.
(3) Недвижностите и другите средства дадени како завештанија, подароци, средствата на фондациите или други наменски фондови,

Универзитетот ќе ги користи исклучиво според намената што ќе ја определи основачот/донаторот.

**Член 92**

Финансиското работење на Универзитетот подлежи на независна финансиска ревизија која се спроведува по одлука на Основачкиот совет. Наодите на независната финансиска ревизија се предмет на прифаќање од страна на Основачкиот совет. Прифатените наоди се извршуваат од страна на Секторот за сметководство и финансии.

**Член 93**

По престанокот со работа на Универзитетот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските му припаѓаат на основачот.

## 14. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Член 94**

(1) На Универзитетот се организираат студии во три циклуси на високо образование во согласност со Болоњската декларација.
(2) По завршувањето на студиите од став 1 на овој член, лицето се стекнува со соодветна квалификација, согласно со националната и европската рамка на квалификации на високото образование.

**Член 95**

Студиите на Универзитетот се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање базирани врз европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (ECTS – European Credit Transfer and Accumulation System).

**Член 96**

Бројот на стекнати ЕКТС-кредити претставува квантитативна мерка на работата и активностите неопходни за успешно завршување на студиите.

### 14.1. Достапност на високото образование на Универзитетот

**Член 97**

Универзитетот обезбедува пристап до студиските програми на Универзитетот под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати, без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

### 14.2. Начин на објавување на конкурс за запишување на студенти

**Член 98**

(1) Ректорската управа го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на Универзитетот.

(2) Запишувањето на студии се врши врз основа на јавен конкурс, кој го објавува Универзитетот најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.

(3) Конкурсот за запишување на студии од став 1 на овој член содржи:

1. име на високообразовната установа и негова адреса,
2. назив на студиската програма,
3. место на изведување на студиската програма,
4. времетраење на студиите,
5. услови за запишување,
6. предвиден број на слободни места за запишување,
7. постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите,
8. висина на школарината, доколку студентот е должен да ја плати.

(4) Конкурсот од став 1 на овој член ќе се објави во еден дневен весник што излегува во Република Северна Македонија и на интернет-страницата на Универзитетот.

(5) Пријавата со потребната документација наведена во конкурсот се доставува до Универзитетот – единицата на Универзитетот, во согласност со јавниот конкурс.

### 14.3. Права на странски државјани

#### Член 99

Странските државјани можат да се запишат на студии на Универзитетот, согласно со условите предвидени во Законот за високото образование и овој Статут.

### 14.4. Запишување на лица кои не завршиле еднакво образование во странство

#### Член 100

(1) Право за запишување на трите циклуси универзитетски студии имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство.

(2) Оценка за исполнување на условите на запишување, односно подобност на стекнатото образование во странство за продолжување на образованието, за секој кандидат посебно, врши соодветна комисија на Универзитетот, односно на факултетот.

(3) По извршеното вреднување на стекнатото образование во странство, комисијата донесува одлука со која:

- се утврдува дека кандидатот ги исполнува условите за запишување, односно за продолжување на универзитетските студии;
- се утврдува дека кандидатот е потребно да полага диференцијални испити, односно делови од предметни програми;
- се утврдува дека кандидатот не ги исполнува условите за запишување, односно за продолжување на универзитетските студии.

### 14.5. Јазик на кој се изведува наставата

**Член 101**

(1) Наставата на Универзитетот се изведува на англиски јазик.

(2) Наставата може да се изведува и на јазик кој е во употреба во Република Северна Македонија, како и на друг светски јазик, согласно со Законот за високото образование на Република Северна Македонија.

(3) Наставата за најмалку две студиски програми за прв циклус академски студии и најмалку четири студиски програми за втор циклус академски студии задолжително се изведува и се полага на англиски јазик.

## 14.6. Почеток и завршување на студиска година

**Член 102**

(1) Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година, и се дели на два семестра (зимски и летен). Ректорската управа го донесува Универзитетскиот календар најмалку 3 месеци пред завршувањето на тековната студиска година и го објавува преку своите гласила (огласна табла, интернет-страница и сл.).

(2) Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитите, одморите за наставниот и административниот кадар и државните и универзитетските празници.

## 14.7. Прв циклус универзитетски студии

**Член 103**

(1) На Универзитетот студирањето се остварува преку систем на кредити и преминот од една до друга студиска година се реализира со системот на кредити.

(2) Првиот циклус студии трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180 односно 240 кредити според ЕКТС.

(3) На Универзитетот се остваруваат студии од прв циклус како:
- прв циклус академски студии (додипломски студии) и
- прв циклус стручни студии.

(4) Првиот циклус студии се остварува согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии.

(5) Студентите од прв циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго (8 години) од пропишаното траење на студиите.

(6) Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со одлука на единицата на Универзитетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот мора да ги заврши студиите.

(7) Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот мора да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

(8) Доколку по истекот на рокот студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

## 14.8. Втор циклус универзитетски студии

### Член 104

(1) Академските универзитетски студии од вториот циклус траат една година и носат 60 кредити според ЕКТС.

(2) Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус универзитетски студии изнесува 300 ЕКТС-кредити.

(3) Вториот циклус студии се остваруваат согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии.

## 14.9. Трет циклус универзитетски студии - докторски студии

### Член 105

(1) Докторските студии може да се запишат по завршување на вториот циклус универзитетски студии, односно со остварени 300 кредити. Докторските студии траат три години и носат 180 ЕКТС-кредити.
(2) Третиот циклус студии се остваруваат согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии.

**14.10. Студиски програми**
**Член 106**

(1) Студиите на Универзитетот се организираат според студиски програми што ги усвојува Сенатот, додека акредитацијата ја врши надлежен орган во Република Северна Македонија согласно со закон.
(2) Студиските програми се усвојуваат од страна на Сенатот, по претходно стручно мислење на Ректорската управа.
(3) Предлогот на програмите треба да биде направен во согласност со закон и со акт на Сенатот.
(4) Сенатот се грижи за реализацијата и квалитетот на студиските програми.

**14.11. Содржина на студиските програми**
**Член 107**

(1) Студиската програма најмалку содржи:
1. назив на студиската програма на македонски и на англиски јазик согласно со Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области. Ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик;
2. цели на студиската програма и резултати од учењето;
3. академски или стручен назив што се стекнува со завршувањето на студиите;
4. степен или ниво според националната рамка за квалификации што се стекнува со завршувањето на студиите;
5. наставници и соработници од соодветното научно и уметничко поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат

и квалификации на наставниците и соработниците за изведување на предметните содржини;

6. оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС и, доколку е предвидено, подготвителни курсеви;
7. услови за запишување на студиската програма посебно за: редовни, вонредни и странски студенти кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување;
8. листа на задолжителни и изборни наставни предмети;
9. правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис со:
   - цел на предметот и резултати од учењето согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации,
   - детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултати од учењето за секое поглавје,
   - оптовареност со предметот изразена во ЕКТС-кредити,
   - детален опис на наставните и работни методи за предметот,
   - заемна поврзаност на предметите, и
   - неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот;
10. правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа и други активности што се изведуваат писмено, кои опфаќаат најмалку содржина, големина, начин на пишување и други релевантни барања;
11. вредност во ЕКТС-кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постдипломски студии, односно на докторската дисертација на докторските академски студии;
12. начин на оценувањето и опис на вреднувањето на постигнувањата на студентот;
13. можност за изведување на наставата на странски јазик;
14. можности за избор на предмети од други акредитирани студиски програми;
15. рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма;

16. правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма;
17. содржина на додатокот на дипломата што се издава со завршувањето на студиската програма;
18. научни полиња за студиски програми од втор циклус на академски и стручни студии, за кои со завршувањето на соодветната студиска програма од прв циклус студии се обезбедува соодветна проодност;
19. ментори на докторски или магистерски трудови, за студиските програми од втор и трет циклус;
20. други прашања од значење за изведување на студиската програма.

(2) Содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми, кој го донесува Националниот совет за високо образование.

(3) Студиската програма се акредитира, односно се реакредитира од Одборот за акредитација за период од пет студиски години.

## 14.12. План на студиите
## Член 108

(1) Студиите се изведуваат според план за реализација на наставата, кој, во согласност со закон и со правилата на Универзитетот, го донесува единицата на Универзитетот што ја реализира студиската програма.

(2) Со планот се утврдува:

- наставен кадар што ќе ја реализира наставата на студиската програма;
- место на изведување на наставата;
- почеток, крај и временска рамка за изведување на наставата;
- облици на изведување на наставата;
- начини на полагање на испитите и испитни рокови;
- други важни податоци за уредно изведување на студиската програма.

(3) Планот на студиите се објавува пред почетокот на наставата во односната академска година и е достапен за јавноста.

(4) Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање на Универзитетот, на почетокот на секоја студиска година, на студентите задолжително им предлага основна литература која ги содржи елементите што студентите ќе ги користат за полагање на испитите.
(5) Основната литература од став 4 на овој член задолжително се објавува на веб-страницата на Универзитетот.
(6) Наставата се одвива во два семестра – зимски и летен. По потреба, заради помош при совладувањето на материјалот за студентите ќе се организираат дополнителни часови и по завршувањето на часовите предвидени за настава. Условите и начините за организирање на дополнителна настава, нејзиното финансирање, студентската котизација и партиципација, како и надоместокот на академскиот кадар вклучен во тој процес, поблиску ги определува Сенатот со правилник. Студиите можат да се организираат и преку системот за далечинско учење.
(7) Предлогот на планот на студиите по далечински пат го поднесува единицата, која е носител на студиската програма, а го усвојува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

## 14.13. Доживотно учење

### Член 109

Универзитетот може да организира програми за доживотно учење користејќи, пред сè, иновативни методи и инструменти за подучување и учење (користење нови технологии и сл.), при што се користат просторот и опремата на Универзитетот.

### Член 110

(1) Доживотното учење ги има следниве цели:
- стекнување формална универзитетска диплома,
- добивање потврда за успешно завршување на специфични програми за обука, почетни и континуирани, или
- надополнување или освежување на компетенциите во одредена област, наменето за поранешните студенти.

(2) Поблиски одредби за програмите за доживотно учење, како и условите за запишување на тие програми, се уредуваат со акт на Сенатот.

### 14.14. Завршување на студиите

**Член 111**

(1) Студиите од прв циклус завршуваат со полагање на сите испити, изработка на дипломски труд или полагање на завршен испит, во согласност со студиската програма.
(2) Студиите од втор циклус завршуваат со полагање на сите испити, изработка на постдипломски (стручен или магистерски) труд и негова одбрана, во согласност со студиската програма.
(3) Студиите од трет циклус завршуваат со полагање на сите испити, изработка на докторска дисертација и нејзина одбрана, како и со исполнување на останатите услови во согласност со студиската програма.

### 14.15. Посебни можности за студирање

**Член 112**

(1) На исклучително успешен студент може да му се одобри завршување на студиите во време пократко од предвиденото траење на студиите, на начин и во согласност со правилник на Универзитетот, што го носи Универзитетскиот сенат.
(2) На студентите, согласно со правилникот, може да им се одобри одредени предмети или студиска година да посетуваат и/или да полагаат на друга единица на Универзитетот или на друг универзитет во земјата и во странство.

## 15. СТРУЧНИ И НАУЧНИ НАЗИВИ

**Член 113**

(1) Стручните и научните називи се определуваат согласно со закон, со акредитацијата на студиски програми, овој Статут и акт на Сенатот на предлог на единицата на Универзитетот.
(2) Називот на степените и звањата ги одредува Сенатот со посебен акт, на начин на кој тие мораат да бидат усогласени со меѓународната професионална практика.

(3) Студент кој завршил прв циклус универзитетско образование во траење од 4 години (односно 240 ЕКТС-кредити), на студиска програма од определена област, се стекнува со стручен назив –дипломиран или "Bachelor" од таа област. На студентот му се издава диплома во која се наведуваат и видот на факултетската стручна подготовка, стручниот назив, како и средната оценка на успехот.

(4) Студент кој завршил втор циклус универзитетско образование во траење од една година (односно 60 ЕКТС-кредити) и одбранил магистерски труд се стекнува со научниот степен магистер.

(5) Студент кој завршил трет циклус универзитетски студии (докторски студии – односно 180 ЕКТС-кредити) и одбранил докторска дисертација се стекнува со научниот степен доктор на науки.

### 15.1. Одземање на диплома

#### Член 114

(1) На студент кој завршил прв, втор или трет циклус на високо образование и се стекнал со соодветна диплома, може да му се одземе издадената диплома ако се утврди дека не исполнувал услови за добивање статус на студент на Универзитетот, дека се здобил со соодветно звање спротивно на условите за стекнување на научно, односно стручно звање или дека сторил кривично дело поврзано со стекнувањето на дипломата.

(2) Условите и постапката за одземање на издадената диплома поблиску се уредуваат со Правилникот за условите и постапката за одземање на издадената диплома.

### 15.2. Промоција за завршени студии

#### Член 115

(1) Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студиски програми од прв циклус студии или студиски програми од втор циклус студии ја врши деканот, односно директорот на единицата на

Универзитетот или директорот на самостојната висока стручна школа според постапка утврдена со правилата на единицата на Универзитетот, самостојната висока стручна школа или научната установа.

(2) Промоцијата на лицата што завршиле студиски програми од трет циклус студии и се здобиле со научен назив – доктор на науки ја врши ректорот на Универзитетот, според постапка утврдена со Статутот на Универзитетот.

## 16. ЕВИДЕНЦИЈА

### 16.1. Матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти

**Член 116**

(1) На Универзитетот се водат: матична книга на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент.

(2) Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

### 16.2. Водење евиденција

**Член 117**

(1) Евиденцијата се води во материјална форма. Истовремено евиденцијата може да се води и во електронска форма. Обрасците потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата ги издава Универзитетот.

(2) За потребите за евиденција, студентската мобилност и регулација на статусот на студентите, Универзитетот издава и други обрасци пропишани со акт на Сенатот.

(3) Во однос на водењето на евиденција и заштита на личните податоци се применуваат важечките решенија на Законот за високото образование, Законот за заштита на лични податоци и други законски прописи.

### 16.3. Јавни исправи

**Член 118**

(1) Врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, на студентот му се издаваат следниве документи:
- електронски индекс (студентска идентификациона карта);
- уверение за положени испити;
- диплома;
- додаток на дипломата.

**Член 119**

(1) Дипломата која ја издава Универзитетот ја потпишуваат деканот на факултетот и ректорот на Универзитетот.

## 17. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

### 17.1. Вработени лица на Универзитетот

**Член 120**

(1) На Универзитетот, вработени се: лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (наставен кадар) и лица вработени во Стручната и административна служба (ненаставен кадар).

(2) Правата, обврските и одговорностите на вработените на високообразовните установи се уредуваат со општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку определено.

(3) Странски државјани може да вршат образовна дејност на Универзитетот под услови предвидени со закон и со Статутот.

**Член 121**

(1) Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање за времето за кое е избрано.
(2) Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање може да врши високообразовна дејност на факултет или на висока стручна школа.
(3) Лице избрано во наставно звање може да врши високообразовна дејност само на висока стручна школа.
(4) По исклучок од став 1 на овој член, лице избрано во научно звање, согласно со одредбите на Законот за научноистражувачката дејност, може да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус во согласност со овој Закон според еквивалентноста на звањата утврдени во овој Закон.
(5) На иста единица на Универзитетот не можат да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв по права линија до кој и да е степен.

## 17.2. Наставно-научни, наставно-стручни и наставни звања

### Член 122

(1) На факултетот, наставно-научни звања се: доцент, вонреден професор и редовен професор.
(2) На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.
(3) На високите стручни школи, наставни звања се: предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа.
(4) Научни звања, согласно со одредбите од Законот за научноистражувачка дејност, се: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

### Член 123

(1) Во меѓународниот промет, за наставно-научните звања на факултетите се користат следниве називи на англиски јазик:
- за доцент – Assistant professor, со кратенка – Ass. Prof. Dr.sc,

- за вонреден професор – Associate professor, со кратенка – Assoc. Prof. Dr.sc, и
- за редовен професор – Professor, со кратенка – Prof. Dr.sc.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, во меѓународниот промет за наставно-научните звања на стручно-уметничките предмети на факултетите се користат следниве називи на англиски јазик:
- за доцент – Assistant professor, со кратенка – Asst. Prof. Dr.art, односно Asst. Prof. Mr.art,
- за вонреден професор – Associate professor, со кратенка – Assoc. Prof. Dr.art, односно Assoc. Prof. Mr.art, и
- за редовен професор – Professor, со кратенка – Prof. Dr.art, односно Prof. Mr.art.

### 17.3. Асистенти и уметнички и стручни соработници

### Член 124

(1) Соработничко звање на факултетот е асистент.

(2) На единиците на Универзитетот од областа на уметноста може да се избере уметнички соработник (корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и слично).

(3) На единиците каде што се изведува лабораториска и друг вид стручна настава може да се избере стручен соработник (лаборант и слично).

(4) Освен завршен втор степен на студии како општ услов и стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, дополнителните квалификации што треба да ги поседува лицето избрано за соработник ги определува наставно-научниот совет на единицата на која лицето се избира, а се определуваат во согласност со спецификите на програмата за која лицето се ангажира.

(5) Познавањето на англиски јазик и способноста за негово академско користење е неопходен услов за избор во соработничко звање.

(6) Соработниците од став 1 на овој член се избираат за наставно-научна, односно уметничка област утврдена со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (меѓународната Фраскатиева класификација).

(7) Соработниците учествуваат во наставно-образовниот процес во обем утврден со договор склучен со Универзитетот, со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

## 17.4. Демонстратори
### Член 125

(1) На факултетот, односно на високата стручна школа, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии.
(2) Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус студии.
(3) Изборот на демонстратор се врши по претходно објавен интерен и/или екстерен оглас на Универзитетот.
(4) Освен општите услови, предвидени со Законот за високото образование, дополнителните квалификации што треба да ги поседува лицето избрано за демонстратор се определуваат со општ акт на единицата на која лицето се избира, а се определуваат во согласност со спецификите на програмата за која лицето се ангажира.
(5) Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем утврден со договор склучен со Универзитетот, со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.
(6) Познавањето на англиски јазик и способноста за негово академско користење е неопходен услов за ангажирање на лицето.

## 17.5. Критериуми за избор во наставно-научни звања

### Член 126

(1) Критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се:
1. стекнато образование;
2. резултати од научноистражувачка работа;
3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок;
4. стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност.

(2) Врз основа на критериумите од став 1 на овој член, се пропишуваат општите и посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

### 17.6. Засновање на работен однос

### Член 127

(1) Лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања засноваат работен однос и остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со позитивните законски акти на Република Северна Македонија.
(2) Со извршениот избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, избраното лице засновува работен однос за времето за кое е избрано во звање според Законот за високото образование.
(3) Лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се должни да ги извршуваат педагошките обврски.
(4) Под педагошки обврски на наставно-научниот и наставниот кадар се подразбира реализација на настава, одржување на консултации со студенти, одржување на испити, вршење менторство на студенти и слично.
(5) Под педагошки обврски на соработничкиот кадар се подразбира одржување на вежби со студенти, одржување на консултации со студенти и слично.
(6) Извршувањето на педагошките обврски од ставовите 4 и 5 на овој член се реализираат со задолжително присуство на наставно-научниот, наставниот, односно соработничкиот кадар.
(7) Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања на повеќе од една високообразовна установа.

### 17.7. Рокови за кои се вршат изборите
### Член 128

(1) Доцент и вонреден професор се избираат за време од пет години. Редовниот професор по изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор,

односно професор доживотно.

(2) Предавач и виш предавач на висока стручна школа се избираат за време од пет години.

(3) Професор на висока стручна школа со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето професор доживотно.

(4) Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.

(5) Асистент се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.

(6) Уметнички и стручен соработник се избираат за време од три години, со право на реизбор неограничен број пати.

### 17.8. Предвремен престанок на изборот

#### Член 129

(1) Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

(2) На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под условите и постапката уредени со закон и статутот на високообразовната установа, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските од став 1 на овој член, ако ги попречува законските и статутарните активности на високообразовната установа или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во високообразовната установа, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи.

(3) Одлука за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање донесува наставно-научниот совет со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисија составена од три редовни професори.
(4) Лицето од став 3 на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот.
(5) Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до Универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат, во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на изборот и работниот однос.
(6) Сенатот одлуката по жалбата ја донесува со мнозинство од вкупниот број членови.
(7) Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.
(8) Против одлуката на Сенатот може да се покрене судска постапка.
(9) Одредбите од овој член соодветно се однесуваат и на самостојните високи стручни школи.

## 17.9. Право на вршење дејност во друга високообразовна установа

### Член 130

Лице од Универзитетот, избрано во звање, може да врши високообразовна дејност на друг универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна област, врз основа на согласност на Сенатот на универзитетот на кој е избрано, дадена по претходно мислење на наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.

## 17.10 Визитинг-наставници

### Член 131

(1) На Универзитетот, како гости, без распишување конкурс, можат да се ангажираат наставници од акредитирани високообразовни установи,

признати научници и истакнати уметници од земјава и од странство за извршување високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време.

(2) Лицата од став 1 на овој член треба да имаат:

- објавено поголем број научни и стручни трудови во меѓународни списанија;
- поголем број на соопштенија со научни и стручни трудови на меѓународни собири;
- остварени резултати во развојот на соодветната наставно-научна област.

(3) Визитинг-наставникот не може да врши оценување на студентите.

(4) Одлуката за ангажирање на лицата за вршење на дејноста од став 1 на овој член ја донесува наставно-научниот, односно наставничкиот совет на факултетот, односно високата стручна школа.

### 17.11. Афирмирани научници и стручњаци од практиката

**Член 132**

(1) Во наставно-образовниот процес на единиците на Универзитетот можат да бидат вклучени афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, без оглед на исполнетоста на условите за избор утврдени со закон, како специјалисти и експерти за изведување на одделни делови од наставен предмет.

(2) Предлогот за ангажирање на афирмираните научници, стручњаци од практиката и уметници го дава единицата на Универзитетот.

(3) Предлогот за ангажирање треба да содржи:

- биографија на научникот, стручњакот од практиката или уметникот;

- кратко образложение зошто се бара ангажирањето и кои се очекуваните резултати од таквото ангажирање за студентите;

- список на тематските единици од предметната програма на соодветниот предмет за кои се бара ангажирањето;

- учебната година и времето за кое ќе се ангажира.

По предлогот за ангажирање на научникот, стручњакот од практиката или уметникот, одлука донесува наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.

Лицата од став 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат завршено најмалку прв циклус универзитетски (академски) студии;

- да имаат потврдени резултати од областа во која се ангажираат да изведуваат настава;

- да достават програма за реализација на стручните аспекти за прашањата и проблемите од наставниот предмет.

(4) Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

(5) Лицата од став 1 на овој член, наставата ќе ја изведуваат во координација и соработка со предметниот наставник најмногу 1/3 од семестарот.

(6) Со лицата од став 1 на овој член, Универзитетот склучува договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

(7) Со договорот се утврдуваат: учебната година и семестарот во кои се ангажираат афирмираните наставници, стручњаци од практиката и уметници, тематските единици од предметната програма, бројот на часови за кои се ангажираат, надоместокот за ангажирањето и сл.

## 17.12. Платено и неплатено отсуство

### Член 133

(1) На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно звање и соработничко звање, на секои пет години, Универзитетот, по потреба, може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години, заради престој во странство за стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област, или за престој на

високообразовна научна установа со статус во наставно-научно или научноистражувачко звање.

(2) При проверување на исполнетоста на условите за користење на платено и неплатено отсуство, освен општите услови регулирани во став 1 од овој член, ќе се земат предвид и следните посебни услови:
- подобноста на времето кога барањето било поднесено;
- времетраењето на отсуството;
- кадровската состојба во конкретната единица на Универзитетот;
- причината поради која се бара отсуството.

(3) По писменото барање за платено и неплатено отсуство на наставникот или соработникот одлучува Основачкиот совет на Универзитетот.

(4) Времето, начинот и другите односи помеѓу барателот на платено и неплатено отсуство ќе се уредуваат поблиску со договор помеѓу Универзитетот и барателот.

## 17.13. Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија

### Член 134

(1) На лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, му престанува работниот однос согласно прописите за работни односи. По исклучок, заради непречено вршење на дејноста на високообразовната установа, по претходно барање на работникот, а со согласност на наставно-научен совет, еднаш годишно може да се продолжи договорот за вработување на лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, до завршувањето на учебната година во која ги исполнува условите за стекнување на старосна пензија или најмногу до завршувањето на учебната година во која полни 67 години возраст. Барањето за продолжување на работниот однос се поднесува еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година.

(2) Редовен професор во пензија може да изведува настава на студии од трет циклус и да биде ментор на докторски студии, како и да работи на научноистражувачки проект под условите определени со Статутот на

Универзитетот, односно статутот на самостојната висока стручна школа.

## 17.14. Насловни звања

### Член 135

(1) Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање, можат да се избираат на Универзитетот во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со Законот за високото образование.

(2) Во однос на изборот на лицата во насловни звања, потребните квалификации, обемот и содржината на нивните обврски се применуваат важечките решенија на Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот.

## 17.15. Почесен професор

### Член 136

(1) На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, по предлог на единица на Универзитетот, може да му се додели звањето почесен професор (professor honoris causa) на Универзитетот, ако:

- со својата наставно-образовна, научноистражувачка и апликативно-стручна дејност има потврдена меѓународна афирмација и углед;
- дал придонес во создавањето наставни и наставно-научни кадри на Универзитетот;
- придонел во создавањето и јакнењето на материјалните и финансиските претпоставки за забрзан развој на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.

### 17.15.1. Постапка за доделување на звањето почесен професор

**Член 137**

(1) Предлогот за доделување на звањето почесен професор, до Ректорската управа го поднесува наставно-научниот совет на единицата во состав на Универзитетот.
(2) Доколку предлогот биде прифатен, наставно-научниот совет на единицата формира рецензентска комисија. Рецензентската комисија изготвува извештај со предлог. Извештајот со предлогот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот.
(3) Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот. Одлука за доделување на звањето почесен професор донесува Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна.

### 17.16. Почесен доктор на науки

**Член 138**

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, развојот на општеството или на друг начин придонеле за развојот на високото образование и науката, на предлог на единица на Универзитетот или ректорот, Универзитетот може да им ја додели титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот.

**Член 139**

Одредбите од овој Статут за постапката за доделување на звањето почесен професор соодветно се применуваат и за доделување на титулата почесен доктор.

**Член 140**

(1) Предлог за доделување на титулата почесен доктор може да поднесе и ректорот на Универзитетот. Врз основа на предлогот, Комисијата за соработка со универзитетите во странство, Комисијата за настава и Комисијата за наука изготвуваат извештај со предлог.
(2) Извештајот со предлогот од претходниот став на овој член се објавува во Билтенот на Универзитетот.
(3) Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот. Одлука за доделување на звањето почесен доктор донесува Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна.

## 17.17. Заеднички одредби за почесен професор и почесен доктор на науки

### Член 141

Сенатот донесува одлука за доделување на звањето почесен професор, односно титулата почесен доктор на науки на Универзитетот.

### Член 142

(1) Промоцијата за доделување на звањето почесен професор на Универзитетот и за доделување на титулата почесен доктор на науки на Универзитетот ја врши ректорот на Универзитетот согласно со Правилникот за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои се стекнале со звањето почесен професор и титулата почесен доктор на науки.
(2) На промоцијата, на лицата од став 1 им се доделува диплома.
(3) Дипломата содржи: назив на Универзитетот, кратко образложение поради што се доделува звањето, односно титулата и денот на донесувањето на одлуката.

## 17.18. Професор емеритус

### Член 143

Универзитетот може да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научната област во која е избран. Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5 % од вкупниот број наставници на Универзитетот. Професорот емеритус може да учествува во изведувањето на наставата на втор и на трет циклус студии во областа во која е избран.

**Член 144**

(1) Предлог за доделување на звањето професор емеритус во писмена форма со образложување подготвува наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.
(2) Предлогот се доставува до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.
(3) Одлука за доделување на звањето професор емеритус донесува Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна.

## 18. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Член 145**

(1) Универзитетот остварува меѓународна соработка.
(2) Меѓународната соработка опфаќа: учество во меѓународни проекти, остварување соработка со универзитети, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и други субјекти, заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност, размена на научни и стручни публикации, учество на научни средби, симпозиуми, конференции, организирање меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование, организирање студии надвор од Република Северна Македонија, мобилност на студенти и на наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации и сл. и изведување други високообразовни, научни и применувачки, односно апликативни активности.

## 19. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Член 146

(1) За проценка на квалитетот на академскиот кадар, научноистражувачката дејност и студиските програми на Универзитетот, се спроведува самоевалуација.
(2) Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години. Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите. Оценката од страна на студентите се добива на крајот од секоја учебна година и таа се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научно звање.
(3) Оценката се добива по пат на анкета на студентите која ја спроведува единицата на Универзитетот на начин утврден со актот од следниот став на овој член.
(4) Самоевалуацијата се врши според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, кое го донесува Сенатот.

### Член 147

(1) Самоевалуацијата на Универзитетот ја врши Комисија за самоевалуација на Универзитетот. Универзитетот може да формира организациона единица за евалуација.
(2) Самоевалуацијата на единицата ја врши комисија за самоевалуација на единицата во согласност со овој Статут.

### Член 148

(1) Самоевалуацијата на Универзитетот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот.
(2) Членовите на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот се избираат, со тајно гласање, од страна на Сенатот, и мандатот на наставниците е четири години, а на претставниците на студентите до две години.

### Член 149

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот изготвува евалуационен извештај со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на наставно-образовниот и научниот процес.

**Член 150**

(1) За оценка на квалитетот во вршењето на: високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и другите активности, единиците вршат самоевалуација.
(2) Самоевалуацијата на единицата која е во состав на Универзитетот ја врши комисија за самоевалуација на единицата.
(3) Самоевалуацијата се врши и преку евалуација на студиските програми и на процесите на настава и учење. Самоевалуацијата се спроведува по студиски програми и на ниво на единица.

**Член 151**

Наставно-научниот совет ги избира членовите на Комисијата на предлог на деканот.

**Член 152**

Комисијата за самоевалуација на единицата ја врши евалуацијата според условите утврдени со овој Статут и упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците што го донесува Сенатот. Со Комисијата за самоевалуација на единицата раководи претседател избран од редот на наставниците.

**Член 153**

Комисијата за евалуација на единицата ги анализира и ги оценува:

- реализацијата на студиските програми;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските програми;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми;
- бројот и структурата на студентите;
- времетрањето на студиските програми и проодноста по академски години;

- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на единицата според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност.

**Член 154**

Комисијата за самоевалуација на единицата, врз основа на сопствените истражувања, изготвува извештај за резултатите од самоевалуацијата, со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата.

## 20. ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

**Член 155**

(1) Универзитетот е член на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија.
(2) Ректорот е член на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија.

## 21. СТУДЕНТИ, СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

### 21.1. Статус на студентот

**Член 156**

(1) Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор или трет циклус студии на Универзитетот.
(2) Статусот на студент се докажува со студентска легитимација.
(3) Со уписот во соодветниот факултет или високата стручна школа, студентите склучуваат договор за студирање со Универзитетот со кој поблиску се уредуваат нивните права и обврски, висината на школарината и др.

## 21.2. Права на студентот

### Член 157

(1) Студентот има право:

- на квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено во студиските програми;
- на слободно искажување на мислењето и ставовите во текот на наставата и другите активности на Универзитетот;
- на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;
- на редовно студирање и статус на редовен студент;
- на запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, овој Статут и студиската програма;
- на учество во органите на Универзитетот согласно со закон и овој Статут;
- на заштита на своите права и должности пред органите на факултетот и Универзитетот;
- на заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство;
- да биде запознаен со своите права и обврски;
- да се определи за видот на студиите;
- да студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви според акти донесени од страна на Универзитетот;
- да ги продолжи студиите на друга високообразовна установа ако високообразовната установа на која е запишан престане со работа;
- да ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на Универзитетот;
- да учествува во научноистражувачката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
- да избира и да биде избиран, како претставник на студентите во органите на факултетите и Универзитетот;

- да користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со закон и од вршителите на соодветните дејности;
- да ги користи универзитетските објекти за спортска и културна дејност;
- да преминува од еден факултет на друг факултет или друга високообразовна установа, односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит-системот;
- да се организира во граѓански здруженија и други форми на лична иницијатива;
- да ги продолжи студиите што ги прекинал;
- да користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;
- да добива стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето;
- да остварува соработка со студентите во земјата и во странство;
- да остварува и други права согласно со закон и со Статутот на Универзитетот.

(2) Студентот има обврска:

- да ги исполнува задачите пропишани во студиските програми;
- да ги почитува одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот и другите правни акти на внатрешното уредување;
- да ги применува решенијата на органите на управување и раководење на Универзитетот;
- да дејствува во согласност со Етичкиот кодекс, кој го подготвува и одобрува Универзитетот во согласност со студентското претставување.

**Член 158**

(1) Студентите од прв, втор и трет циклус универзитетско образование без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните имаат право и на

полагање испити во дополнителни испитни рокови, најмногу двапати во текот на годината.

(2) Полагањето на испитите во дополнителните испитни рокови се врши без надоместок на предвидените трошоци за полагање на испитот. Овие студенти можат да поднесат барање до Деканатската управа на единицата на Универзитетот за добивање и на други погодности во текот на студирањето.

### 21.3. Паралелно студирање

#### Член 159

(1) Студентот може истовремено да студира и на други студии од прв циклус ако за тоа постојат услови.

(2) Успешните студенти на кои просекот на претходните оценки изнесува 9 (девет), имаат право да студираат истовремено на две насоки.

(3) За истовремено студирање на две насоки, студентите кои користат бурси за втората насока ќе плаќаат 50 % од вкупната сума.

(4) За истовремено студирање на две насоки, студентите кои плаќаат 100 % од вкупната сума за една студиска година, ќе им се овозможи да студираат бесплатно во втората насока.

(5) Успешните студенти кои ќе студираат истовремено две насоки, во втората насока можат да изберат најмногу 3 (три) часа.

(6) Успешните студенти кои ќе студираат истовремено на две насоки, мораат да ги завршат со вкупно 240 ЕКТС-кредити.

(7) На студентите кои студираат истовремено две насоки, ќе им се одредат два различни студентски броја.

(8) На студентите кои студираат истовремено две насоки, по завршувањето на студиите им се подготвуваат две дипломи и ќе се водат со два индекса. Овие студенти имаат право максимално 14 години да студираат на Универзитетот.

(9) Положбата на студентите кои студираат истовремено на две насоки се определува со одлука на Ректорската управа.

### 21.4. Премин од едни на други студии

#### Член 160

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма, под услови утврдени со Правилникот и други акти за единствените основи за кредит-системот и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот.

## 21.5. Престанок на статусот на студент

### Член 161

(1) На студентот му престанува статусот на студент според условите и постапката утврдени со општите акти на Универзитетот и овој Статут.

(2) Статусот од ставот 1 на овој член престанува ако студентот:

- дипломира;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, општ акт и Статутот на Универзитетот;
- не го исполни условот според кредит-системот и не ја запише годината, односно семестарот во утврдени рокови;
- се испише;
- е исклучен.

(3) Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен по барање на студентот. Решение за обновување донесува деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа. Против решението, студентот има право на жалба до Ректорската управа во рок од 8 дена од денот на добивањето на решението. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот.

## 21.6. Дисциплински мерки

### Член 162

(1) За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување.

(2) Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

(3) Дисциплинските мерки ги изрекува Комисијата за дисциплински мерки формирана на ниво на Универзитетот.

(4) Во составот на Комисијата за дисциплински мерки, најмалку еден член треба да биде од редот на професорите на единицата на која припаѓа студентот.

(5) Во составот на Комисијата за дисциплински мерки, еден член делегираат студентите на високообразовната установа на која е запишан студентот.

(6) Постапката за дисциплинската одговорност ја води претседателот на Комисијата за дисциплински мерки.

(7) Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на Комисијата за дисциплински мерки.

(8) Комисијата носи одлука за постоењето одговорност и предлог-дисциплинска мерка.

(9) Доколку одговорноста е утврдена, одлуката се доставува до:

- подносителот на барањето;
- студентот;
- секторот за студентски прашања;
- архива;
- деканатската управа на единицата.

(10) Видот и тежината на престапот се регулирани со акт на Универзитетот.

### 21.7. Студентски правобранител

**Член 163**

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се формира студентски правобранител.

**Член 164**

Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот, кога им се повредени од органите на Универзитетот, како и од лицата вклучени во наставно-образовниот процес и од други лица врз основа на постојните

законски решенија во Законот за високото образование, статутот и актите на Универзитетот.

### 21.7.1. Избор на студентски правобранител

#### Член 165

(1) Студентскиот правобранител се избира од редот на студентите, со минимум завршен 4-ти семестар и просек на студии од минимум 8,00.
(2) Студентскиот правобранител се избира од страна на Сенатот, по предлог на Универзитетското студентско собрание, за време од 2 години, без право на повторен избор.
(3) Универзитетското студентско собрание го предлага кандидатот за студентски правобранител врз основа на претходно објавен конкурс.

#### Член 166

(1) Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на законот и актите на Универзитетот.
(2) Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено правото на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот. Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител.
(3) Студентскиот правобранител, најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа до Ректорската управа и до Универзитетскиот сенат.

#### Член 167

Надлежноста, изборот и работата на студентскиот правобранител се утврдуваат врз основа на постојните законски решенија во Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот.

### 21.7.2. Разрешување на студентскиот правобранител

#### Член 168

(1) Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да покренат Универзитетското студентско собрание, факултетските студентски собранија односно студентското собрание на високата стручна школа и група студенти.
(2) Универзитетското студентско собрание може да покрене постапка за разрешување на студентскиот правобранител со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на Универзитетското студентско собрание.
(3) Студентските собранија на единиците на Универзитетот, односно факултетските студентски собранија и студентското собрание на високата стручна школа можат да покренат постапка за разрешување на студентскиот правобранител ако мнозинство од членовите на собранијата (51 %) гласаат по предлогот за разрешување на студентскиот правобранител.
(4) Група студенти може да иницираат петиција за разрешување на студентскиот правобранител, а петицијата мора да биде потпишана од 51 % од вкупниот број студенти на Универзитетот.
(5) По предлогот на сите горенаведени субјекти, одлука за разрешување донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

### 21.7.3. Заменик-студентски правобранител

### Член 169

(1) На секоја единица на Универзитетот се избира заменик-студентски правобранител, кој го избира факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа, по претходно објавен конкурс, од редот на редовните студенти. Одлуката за избор се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(2) Мандатот на секој од замениците студентски правобранители трае 2 години од денот на изборот, без право на повторен избор.
(3) Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студентите и по сопствена инцијатива кога ќе увиди дека правото на студент загарантирано со закон, статут и други подзаконски акти е повредено или битно е занемарено од страна на органите на факултетот или високата стручна школа.

(4) За својата работа, заменик-студентскиот правобранител поднесува семестрален извештај до наставно-научниот совет на единицата и до студентскиот правобранител.

(5) Постапка за разрешување на заменик-студентскиот правобранител може да покренат членовите на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа, студентскиот правобранител и 10 % од вкупниот број студенти на факултетот, односно високата стручна школа каде што е избран заменик-студентскиот правобранител.

(6) Одлука за разрешување на заменик-студентскиот правобранител донесува факултетското студентско собрание, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

## 21.8. Учество на студентите во управувањето

### Член 170

Студентите на Универзитетот учествуваат во студентската организација и во управувањето на Универзитетот преку свои избрани претставници во:

- Универзитетското студентско собрание;
- Факултетското студентско собрание и студентското собрание на високата стручна школа;
- други форми на самоорганизирање под услови и начин предвиден со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и другите внатрешни акти.

### Член 171

(1) Правото на учество во управувањето, студентите го реализираат преку:

- донесување на долгорочни и краторочни планови за нивните академски и социјални потреби;
- анализирање и давање мислење за актите и политиките на Универзитетот кои директно го засегаат нивниот интерес;
- избираат свои претставници во органите на Универзитетот.

### 21.9. Универзитетско студентско собрание

**Член 172**

(1) Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите.

(2) Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.

(3) Универзитетското студентско собрание може да донесе Статут, а кој мора да добие претходна согласност од Универзитетскиот сенат.

#### 21.9.1. Надлежност на Универзитетското студентско собрание

**Член 173**

(1) Универзитетското студентско собрание има надлежност:

- да избира студентски претставници во Сенатот и другите органи и тела на Универзитетот;
- да донесува план и програма за својата работа;
- да предлага студентски правобранител;
- да се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба;
- да им предлага на органите на управување план за финансирање на студентските активности;
- да поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес;
- да донесува општи акти на студентското собрание согласно со законот и Статутот на Универзитетот;
- да врши други активности од интерес на студентите.

#### 21.9.2. Избор на членови на Универзитетското студентско собрание

**Член 174**

(1) Универзитетското студентско собрание е составено од претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во факултетските студентски собранија и собранието на високата стручна школа.

(2) Факултетските студентски собранија и студентското собрание на високата стручна школа именуваат по двајца претставници во Универзитетското студентско собрание на Универзитетот во чиј состав се.

(3) Членовите на Универзитетското студентско собрание од своите редови избираат со апсолутно мнозинство претседател на Универзитетското студентско собрание.

(4) Претседателот се избира на следната седница по конститутивната седница на Собранието. До следната седница на Собранието мора да помине најмалку една, а не повеќе од две недели.

(5) Мандатот на членовите и на претседателот на Универзитетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

## 21.10. Факултетско студентско собрание, односно студентско собрание на висока стручна школа

**Член 175**

(1) Факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа е тело на факултетот, односно на високата стручна школа во која членуваат претставниците на студентите.

(2) Факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа може да донесе акти за внатрешно уредување (статут, правилник, деловник итн.). Овие акти, за да произведуваат правна сила, мора да подлежат на дополнително одобрување од страна на наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа.

(3) Заради заштита на правата и интересите на студентите, факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа избира и разрешува претставници на

студентите во органите на факултетот, односно високата стручна школа, во согласност со закон и Статутот на Универзитетот.

### 21.10.1. Избор на членови на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа

**Член 176**

(1) Претставниците на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа се избираат на непосредни, фер, демократски избори со тајно гласање.
(2) Мандатот на претставниците на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа трае една година, со право на уште еден избор.
(3) Секое факултетско студентско собрание, односно студентско собрание на висока стручна школа на Универзитетот има 9 члена.
(4) Секое факултетско студентско собрание, односно студентско собрание на висока стручна школа, од своите редови избира со апсолутно мнозинство претседател на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа.
(5) Претседателот се избира на следната седница по конститутивната седница на собранието. До следната седница на собранието мора да помине најмалку една, а не повеќе од две недели.
(6) Мандатот на членовите и на претседателот на факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на високата стручна школа трае една година, со право на уште еден избор.

## 22. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Член 177**

(1) Образовните, научните и административните активности на Универзитетот се специфично уредени со нормативните акти на Универзитетот.

(2) По предлог на Ректорската управа, Сенатот на Универзитетот ги донесува следните нормативни акти:

- Статут на Универзитетот;
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот;
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот;
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот;
- Правилник за работа и организација на Школата за англиски јазик;
- Правилник за постапката и критериумите за избор и промоција на наставниот кадар во наставно-научни звања;
- Правилник за постапката и критериумите за доделување стипендии за студирање;
- Правилник за единствените основи за кредит-системот и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа во состав на Универзитетот;
- Правилник за издавање на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и условите и постапката за одземање на издадената диплома;
- Правилник за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања;
- Правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи на Универзитетот;
- Правилник за организирање на издавачката дејност на Универзитетот;
- Правилник за дисциплински мерки;
- Правилник за студентско управување;
- Правилник за Комисијата за помирување на Универзитетот;
- Правилник за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои завршиле студии од прв, втор и трет циклус универзитетско образование;

- Правилник за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои се стекнале со звањето почесен професор и титулата почесен доктор на науки;
- Деловник за работа на Сенатот;
- Програма за меѓународна соработка;
- други акти во согласност со закон и со овој Статут.

### 22.1. Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот

**Член 178**

Нацрт-општите акти на Универзитетот се подготвуваат од страна на работните тела на Универзитетот.

**Член 179**

(1) Откако Ректорската управа ќе го утврди Нацрт-општиот акт, тој се доставува на јавна расправа во единиците во состав на Универзитетот.

(2) Врз основа на мислењата и предлозите на единиците од претходниот став, соодветното тело на Универзитетот подготвува предлог на општиот акт.

(3) Предлогот на општиот акт се доставува до Универзитетскиот сенат за донесување.

**Член 180**

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начин и во постапка според кои се донесуваат.

**Член 181**

(1) Статутот и другите општи акти на Универзитетот се објавуваат во јавно гласило на Универзитетот.

(2) Општите акти стапуваат во сила најрано со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот. Поблиски одредби за издавањето на јавното гласило донесува Ректорската управа.

## 23. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 182**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Универзитетскиот сенат.

**Член 183**

Донесувањето и усогласувањето на внатрешните акти се врши во рок утврден со Законот за високото образование на Република Северна Македонија.

**Член 184**

Единиците на Универзитетот се должни да ги донесат општите акти најдоцна 3 месеци по влегувањето во сила на овој Статут.

**Член 185**

Ректорот, проректорите, деканите и продеканите кои се избрани до влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат функцијата за мандатот за кој се избрани.

**Член 186**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Статутот на Меѓународниот балкански универзитет (Универзитетски билтен бр. 1/2009, бр. 2/2013 и бр. 18/2014) од на 02.13.2009 година, со архивски број 100.023/2009.

**Член 187**

Органите и телата на Универзитетот, во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој Статут, ќе ја усогласат и ќе ја хармонизираат нивната организациона и нормативна дејност со одредбите од овој Статут.

**Член 188**

Овој Статут влегува во сила по добиена согласност од основачот и по претходно добиено позитивно мислење од Владата на Република Северна Македонија.

Универзитетски сенат

Претседател

________________________

Проф. д-р Кире Шарламанов